
Проекти = 2013/2014+
Суперхерои 2014
Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
ЦКА-ПХВ
ККА-PVH

***Добро со добро се враќа.***

Кажувајки го ова не мислиме на тоа дека некој ви направил некое добро, па после неколку дена вие нему му враќате добрина. Мислиме на тоа да направите добрина на некој кој не го знате, некој кој е далеку од вас, некој кој знате дека никогаш нема да може да ви врати, некој кој е различен од вас, некој кој има друга вероисповед ... Такви приказни се испишани во нашата брошура. Брошура која ја печатиме секоја година. После секоја генерација ХЕРОИ. Да не се заборави добрината. Да може повторно да се прочита направеното како би можеле да се потсетиме и да ги инспирираме генерациите кои доаѓаат.

Ние правиме добрина. Инвеститираме во младите за да знаат како да прават добрина во животот и низ животот, за секого.

Со среќа.

Алекс&Ина
ПХВ тим

# Клуб на млади

### *Нашата визија за нивно посреќно детство - гласник во општеството како обновена самогласка*

Целта на овој проект е да се помогне на 10 глуви и наглуви деца од ОУ„Кузман Јосифовски-Питу“ преку набавка на модерен визуелен материјал кој би се користел во нивно образование и преку обезбедување на квалитетни батерии за неопходните апаратчиња за слушање.

За остварување на оваа цел тие организираат поетско-литературно читање и рачна изработка и продажба на мартинки.

Младите волонтери успеваат да соберат 5.190 денари со кои се купени квалитетни батерии за апаратчињата за слух, купен е модерен визуелен материјал за да се олесни образовниот процес на овие деца, а за подобра социјализација е организирана заедничка работилница за рачни изработки по повод Денот на шегата.

Оценет со фаза: 5+++ сонце

Изработиле: Дијана Петреска, Азра Шабантовиќ, Небојша Јовановиќ

Дисеминатор: Невена Тасевска

# Клуб на млади

### *Среќа е ... некого да направиш среќен*

Овој проект беше со цел да се помогне на тричлено семејство составено од самохрана мајка и две малолетни деца.

Преку донации од фирми, младинците успеаа да реновираат и опремат две простории од куќата на ова семејство, да постават паркет, да обезбедат и санитарии (шолја, капак, казанче, мијалник, чешма, туш, бојлер,плочки за купатилото) и да стават врата и прозор. Во домот на ова семејство беше поставен и мебел (тросед и фотеља). Работниците кои работеа на реновирањето тоа го направија без никаква материјална надокнада.

Оценет со фаза: 5 сонце

Изработиле: Али Исмаили, Аише Садики, Тијана Милошевска, Рина

Дисеминатор: Невена Тасевска

## Клуб на млади

***Хуманоста и упорноста се секогаш добитна комбинација***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно седумчлено социјално загрозено семејство од кое 5 члена од семејството се деца на возраст од 1 до 13 години.

За таа цел младите волонтери организараат собирни акции и забава со DJ. Собраните средства во износ од 8723 денари се искористени за да се купат храна, облека и хигиенски производи, а купен е и половен фрижидер.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Јана Темелкова, Кристијан Арсовски, Марија Секуловска, Елена Ѓорѓиевска

Дисеминатор: Невена Тасевска

## Клуб на млади

### *Кратко и јасно*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно социјално загрозено семејство.

За таа цел младите организираат хуманитарна забава, хуманитарна акција , предавање и обука за здрава исхрана.

Со сите овие активности тие успеваат да соберат околу 22.000 денари и донираат алишта, набавуваат шпорет за семејството, го чистат нивниот двор, донираат кревет, прозор и врата, донираат храна, новогодишно пакетче и облека за девојчето, доставуваат боци со вода за пиење.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Ангела Димовска, Наташа Симоновска

Дисеминатор: Невена Тасевска

## Клуб на млади

### *Насмеј се и ти*

За да ја поминат ладната зима, на едно петчлено семејството од Скопје, беше дониран радијатор за греење. За да се соберат парите за истото, младинците организираа хуманитарен базар во нивното училиште “Имри Елези“.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Блерина Муча, Аган Реџепи, Ениса Дардхишта, Ајла Исуфи.

Дисеминатор: Руфије Абази

## Клуб на млади на ЦК на град Скопје

***Ние за светот- светот за нас***

Целта на овој проект беше подигањето на свеста кај младите за важноста на животната средина, како и запоознавање на младите со ЕКО-стандардите. Така беа организирани 4 интерактивни работилници со по 24 ученици, кои доаѓаат од четири различни основни училишта во Скопје, и тоа: “Имри Елези“,“Васил Главинов“,“Цветан Димов“,“Рајко Жинзифов“.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Блерина Муча, Мерита Лимани, Стефанија Арсковска, Агрон Салиу, Ајла Факич, Адем Аметовски, Ерзана Идризи, Арбана Војка.

Дисеминатор: Руфије Абази

## Клуб на млади на ЦК на град Скопје

***Ние заедно со хуманост, за подобро утре***

Целта на овој проект беше да се помогне на тричлено семејство во кое на 17-годишна девојка и е трансплантиран бубрег и и се потребни средства за на дијализа.

Младите волонтери за таа цел организираат работилница за изработка на чаши, а сплетени се и капи и шалови од чија продажба се собрани 3350 денари. Исто така собрана е и донирана облека за семејството.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Анастија Гиновска, Ангела Аризанкоска, Дејан Џороски, Христијан Анчевски, Викторија Ѓаковска, Фросина Трпевска

Дисеминатор: Невена Тасевска

## Клуб на млади на ЦК на град Скопје

***Обучени наставници-безбедни ученици***

Целта на овој проект беше да се зајакнат капацитетите и да се доостручи кадарот во едно основно училиште во Скопје преку обезбедување на материјали за прва помош и спроведување на обука за пружање на прва помош.

Со овој проект, младите волонтери обезбедуваат материјали за прва помош (памук, гази, ханзапласт, завои и алкохол), кутии за

прва помош и спроведуваат обука за прва помош на 18 наставници и на тимот од ученици кои ќе настапува на општинскиот натпревар по прва помош.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Мирјана Коловска, Ева Илиевска, Ангела Алескова

Дисеминатор: Невена Тасевска

## Клуб на млади на ЦК на град Скопје

***За поубаво детство***

Целта на овој проект беше едукација и ресоцијализација на децата од една установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми од Скопје.

За таа цел младите волонтери организираат хуманитарна акција која резултира со собрани 125 книги и играчки, обезбедуваат 5 флејти и 50 книги како донација од една издачка куќа, одржани две предавања за тимска работа и за трговија со луѓе, а организираат и музичка работилница на која децата имаат можност да се дружат и да ги покажат своите таленти.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Вероника Стефановска, Марија Велковска, Кристина Блажовска

Дисеминатор: Невена Тасевска

## Клуб на млади на ЦК на град Скопје

### *Влевање малку надеж во срцата на беспомошните*

Целта на овој проект беше да се помогне на околу осумдесетина мигранти и бегалци од еден прифатен центар.

За таа цел младинците организираат хуманитарна акција и обезбедуваат хигиенски производи ( шампони, сапуни, пешкири и др.) од неколку фармацевтски компании.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Ирена Велјанова, Лусиана Ампева, Андријана Апостоловска

Дисеминатор: Невена Тасевска

## ООЦК Берово

### *Помош за малите ангели во нивниот втор дом*

Целта на овој проект беше да се помогне на децата од Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост-Берово, а воедно да се разубави еден нивен ден преку дружење.

Младинците за таа цел организираат собирна акција, хуманитарен настан и изведуваат драма со што се собрани 6.400 денари. Со собраните средства е купена храна со која ги почестиле лицата корисници на Дневниот центар на мала пригодма забава.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Танкица Бекирова, Никола Наџински, Сара Бојчовска, Илија Трнковски, Магдалена Фиданска, Анита Аврамска

Дисеминатор: Слободан Пандов

## ООЦК Берово

***Хуманоста чука во сите наши срца***

Овој проект имаше за цел да обезбеди финансиски средства за операција на пет месечно бебе кое е родено без лев бубрег, а десниот не функционира како што треба поради бактеријата и водата во него.

За остварување на оваа цел младите организираат собирна акција во која биле вклучени и училиштата и се собрани дел од средствата потребни за операцијата.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Еми Демировска, Џанита Демировска, Дејан Белчовски, Антонио Кавгаџиски

Дисеминатор: Слободан Пандов

## ООЦК Берово

***Хуманост пред се***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно тричлено семејство, мајка која е тешко заболена и нејзините две деца.

За да ја остварат оваа цел, младите волонтери собираат донации и организираат театарска претстава. Со овие активности младинците успеваат да соберат 12 285 денари наменети за помош на ова семејство.

Оценет со фаза :3

Изработиле: Марија Ѓорѓиевска, Анастасија Андонова, Андон Поповски, Митко Каракашевски, Мартин Поповски, Елена Каракашевска

Дисеминатор: Слободан Пандов

## ООЦК Битола

***Остварена хумана мисија преку театарска претстава "Госпоѓа министерка "***

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за да му се помогне на матурант кој е одличен ученик, учесник на државните натпревари по математика и астрономија, но живее под кирија во социјално загрозено семејство (брат и мајка, лица со посебни потреби)

За таа цел младинците подготвуваат претстава, го адаптираат сценариото, комплетно ја организираат и реализираат преставата.

Со средствата (26.050 денари) е купен компјутер и е обезбеден интернет пристап за период од една година, со кои матурантот во иднина ќе има пристап до голем број информации и ќе може понатаму да се дообразува и работи. Купена е комплетна облека

за матурската вечер и обезбеден е џепарлак од 2000 денари за државните натпревари по математика и астрономија. Исто така, за останатите членови од семејството донирана е половна облека и пакет со храна во вредност од 1000 денари

Оценет со фаза: 5+++ сонце

Изработиле: Стефанија Стојчевска, Нина Атанасовска, Сунај Мифтар , Дарио Беговски, Ивана Тодоровска, Габриела Стојановска, Викторија Јанеска, Мерима Алиовска

Дисеминатор: Дејан Трифуновски

## ООЦК Битола

***Љубов и насмевки за подобро утре***

Целта на овој проект е да се разубави барем еден ден на 8 деца на возраст од 5 до 13 години од детското одделение-педијатрија во Клиничката болница во Битола.

Овие деца се болни од рак, но се во фаза на заздравување. За да разубават еден нивен ден младите волонтери ги носат на 3D проекција, ги запознаваат како се подготвува една 3D проекција, а добиваат и боенки со главните ликови од детскиот филм. По проекцијата сите заедно одат на прошетка и на ручек во пицерија.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Мартина Јовановска, Горан Здравковски, Сара Мицевска, Филип Јовановски

Дисеминатор: Дејан Трифуновски

# ООЦК Битола

## *Преку идеја- подарена радост*

Целта на овој проект е да се помогне на едно петчлено семејство кое живее во импровизирани услови во околината на Битола. Таткото е алкохоличар, мајката е болна од рак, а децата се на возраст од една, пет и осум години.

Преку собирна акција, младите волонтери обезбедуваат новогодишни пакетчиња, школски прибор, постелнина, покуќнина, прехрамбени производи за еден месец, пелени, облека, обувки и три пати го посетуваат семејството и се дружат, но и ги откриваат нивните желби и потреби со цел да им помогнат во иднина.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Нина Атанасовска, Стефанија Стојчевска, Иван Трпчевски, Ангела Србиновска

Дисеминатор: Дејан Трифуновски

# ООЦК Битола

## *Изобилство од среќа и радост во Старскиот дом*

Целта на овој проект беше дружба и развеселување на лицата од старскиот дом во Битола.

За таа цел младите волонтери го посетуваат старскиот дом и два часа се дружат со овие лица, разговараат, играат друштвени игри и обезбедуваат и донираат 50 пара машки и женски чорапи и јужно овошје.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Викторија Јанеска, Давор Пејиќ, Никола Гелов, Дарио Беговски

Дисеминатор: Дејан Трифуновски

## ООЦК Валандово

***Во духот на хуманоста***

Целта на овој проект беше помош на 20-те најстари граѓани во Валандово во извршување на домашните работи кои тие заради возраста потешко ги извршуваат.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изработија овој проект се поделиле во 6 тима и секој ден во временски период од 3 недели во текот на зимскиот период ги посетувале овие лица. На овој начин тие не само што им помогнале во извршувањето на домашните обврски, туку им овозможиле и едно поразлично, исполнето секојдневие.

Оценет со: 5+

Изработиле: Костадин Гетов, Лилјана Анастасова, Атена Танчева и Даниела Монева

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Валандово

### *Сите хумани срца на едно место*

Целта на овој проект беше да се обезбедат средства за испитувањата на двајца близнаци на петнаесет години кои боледуваат од болест на бубрезите, а притоа се и социјално поранливи лица.

Младите волонтери преку хуманитарна забава и преку изработка и продажба на честитки успеваат да ги соберат потребните средства во износ од 8600 денари кои се искористени за превозот до клиниката во Скопје и за потребните испитувања.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Викторија Миткова, Елена Качева, Кристијан Милевски, Ѓоре Раимовиќ

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Валандово

### *Сите сме еднакви!!*

Целта на овој проект беше воспоставување на соработка меѓу децата од турска и македонска националност во основно училиште во Валандово. Односно, подобрување и унапредување на меѓусебната социјализација помеѓу децата од различна национална припадност.

За таа цел младите волонтери организираат едукативни работилници, изработка на честитки и засадување на заедничко дрво.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Берна Омерова, Стефанија Андонова, Невенка Пенова, Теодора Петкова

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Валандово

***До хумана мисла преку глума и шега***

Целта на овој проект беше да се зголеми фондот на книги на библиотека при едно средно училиште во Валандово. Оваа библиотека опслужува околу 300 ученици и веќе подолго време го нема обновено фондот на книги со кој располага.

За таа цел младинците организираат театарска претстава во која е вклучено целото училиште и заедно со собирна акција на средства успеваат да соберат 3000 денари кои се искористени да се купат 25 книги.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Димитриева Мартина, Димитриев Петар, Димитриева Ивана

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Валандово

***Среќни сме бидејќи сме хумани***

Целта на овој проект беше да се обезбедат играчки за една градинка во Валандово.

За таа цел младинците организирале училишен базар на кој ги продавале претходно изработените честитки, но и храна и пијалоци и успеале да соберат 2600 денари кои биле искористени да се купат нови играчки за децата во градинката.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Васко Павлов, Добрила Бајлозова, Даниела Динева, Марија Прнаркова, Виолета Ѓорѓова

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Валандово

***Мала помош-многу насмевки***

Целта на овој проект беше собирање и донирање на облека на 60 деца од турска националност кои потекнуваат од материјално поранливи семејства, будење на хуманоста кај луѓето што ја донираат облеката, како и придонес кон подобра меѓуетничка соработка.

За таа цел младите волонтери организираат 4 собирни акции во 4 училишта и успеваат да соберат 60 пакети со облека кои подоцна им се донирани на овие семејства.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Павлинка Ѓоргиевска, Катерина Ристова, Анка Андонова, Билјана Митрова

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Валандово

### *Да се запознаеме со Црвен крст*

Целта на овој проект беше 60 млади осмоодеденци од едно основно училиште да се запознаат со Црвениот крст, кои се неговите цели и неговата историја. Младите волонтери сметаат дека со овој проект би придобиле поголем број на волонтери во редовите на Црвениот крст.

За таа цел тие организираат две презентации и квиз каде подетално ги запознаваат осмоодеденците со Црвниот крст и сите негови дејности, со што тие научиле нешто ново, а добиле и потенцијални волонтери во организацијата во која членуваат.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Мајкл Нечков, Елена Џајковска, Здраве Мицев

Дисеминатор: Васе Митев

## ООЦК Велес

### *Мала помош за голема среќа*

Целта на овој проект е собирање на парични средства за патување во Турција како би се извршило тестирање и утврдување на точната дијагноза за одредување на третманот и понатамошно лекување на едно 6 годишно дете од Велес, кое боледува од парцијален вид на епилепсија.

За да се обезбедат средствата младинците организираат собирни акции по училиштата, домовите, кафулињата, организираат театарска претстава, собираат донации од фирми и промовираат книга.

Со собраните средства во висина од 29.745 денари се купени три билети за Турција каде треба да се направи дијагнозата и утврди понатамошното лекување на нивниот мал сограѓанин.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Славица Мишковска , Ангела Мишковска, Моника Дураковиќ, Симона Тодоровска

Дисеминатор: Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

***Бидете хумани, донирајте, променте го животот на другите***

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за да се покрие дел од операцијата на едно десетгодишно дете кое е дел од едно социјално загрозено семејство.

За таа цел младите волонтери организираат собирни акции од кои се собрани 8798 денари и хуманитарен концерт од кој се собрани 12600 денари. Средствата потоа се донирани на семејството.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Маиде Назири, Перихан Рамаданович, Емин Латифи, Ндериме Ахмети

Дисеминатор: Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

### *Хуманоста е дело кое исполнува сечие срце*

Целта на овој проект беше да се помогне на лице болно од карцином на мозокот и на нејзиното семејство. Младите волонтери за таа цел спровеле низа активности: собирни акции по училиштата, собирни акции од врата до врата, барања за донации од компании, се друже со семејството, а се обиделе и да вработат еден од членовите на ова семејство. Со овој проект младинците собрале 20448 денари со кои се купени и донирани храна, облека и лекови.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Елена Бачева, Моника Димова, Теодора Бошкова, Мартин Милошевиќ

Дисеминатор: Анѓел Јорданов

## ООЦК Велес

### *Младите за потопла старост*

Целта на овој проект е да се подобрат условите за живот на една 90-годишна жена од Велес.

Преку донации младите волонтери успеваат да ја заменат старата покуќнина со нова и тоа со фрижидер, фотељи, тепих, постелнина и облека, а исто така и помагаат и со чистењето. Тие редовно ја посетуваат во период од три месеци и ја приклучуваат во програмата на Црвен крст Велес за Грижа за стари лица.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Стојановска Далиборка, Милошевиќ Александар, Печевска Валентина, Николовски Стојанче

Дисеминатор: Јорданов Анѓел

## ООЦК Велес

### *Хуманост за подобар детски живот*

Целта на овој проект е да се помогне на едно тринаесет годишно момче кое од петмесечна возраст живее во дисфункционално семејство.

За таа цел младинците организираат ликовна колонија, продажба на цртежи со изложба и собирни акции од кои се собрани вкупно 16 140 денари кои се искористени за да се купи храна, хигиенски средства и облека.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Марија Ечева, Тамара Адамчевска, Викторија Стојкова

Дисеминатор: Анѓел Јорданов

## ООЦК Виница

### Една нота-две насмевки

Младинците со овој проект си поставија за цел да и помогнат на самохрана мајка и нејзиното социјално загрозено семејство (мајката и едното дете се со ментална попреченост) со поправка на кујната и купатилото.

За планираната цел волонтерите организираат хуманитарен концерт со таленти од училиштето и неколку собирни акции.

Со овој проект волонтерите собраа средства за потребните плочки и полици, тие направија и поправка на мијалникот, на семејството му беше донирана храна и облека, а беше обезбеден и компјутер.

Оценет со фаза: 5 сонце

Изработиле: Виктор Заовски , Климент Ангелов, Драган Стојковски, Никола Вангелов, Харис Реџепи

Дисеминатор: Васка Лазарова

## ООЦК Виница

***Преку песна и љубов до хуманост***

Целта на овој проект беше да се помогне преку донации и преку уредување на домот на петчлено семејство со три малолетни деца. Младите волонтери за таа цел организираа хуманитарна забава и собирни акции.

Со овој проект младите успеаа да соберат облека, обувки, играчки, училишен прибор, прехрамбени и хигиенски артикли, да набават прехранбени пакети како и да изработат кујна за потребите на ова семејство.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Деспина Лазарова, Симона Михајлова, Душица Стојчевска Стефани Цветанова

Дисеминатор: Васка Лазарова

# ООЦК Виница

***Хуманоста на дело***

Целната група на овој проект беа две социјално загрозени семејства, едното го сочинуваат самохрана мајка со две малолетни деца (од кое едното дете е болно од епилепсија), а второто семејство го сочинуваат татко инвалид и неговиот син.

Со овој проект младите волонтери преку собирни акции обезбедија облека, играчки, прехрамбени пакети, средства за лична хигиена, мобилен телефон и компјутер, кои потоа беа распределени на семејствата.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Климент Ангелов, Андон Андонов, Иван Ѓорѓиев

Дисеминатор: Васка Лазарова

# ООЦК Виница

***Различни сме, но сите се смееме на ист јазик***

Целта на овој проект беше помош и социјализација со штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Виница. Овие лица се со умерена и тешка ментална попреченост на возраст од 10 до 36 години.

Младите волонтери преку изработка на срциња и хуманитарна собирна акција успеваат да соберат 2700 денари кои потоа се искористени за купување на играчки, забавни и поучни иг-

ри,боенки и сликовници за штитениците на центарот.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Мери Точева, Данче Арсова, Христина Атанасова

Дисеминатор: Васка Лазарова

## *ООЦК Виница*

### *Една понаква Нова Година*

Целта на овој проект беше да се помогне на еден соученик на младинците и на неговото семејство и да им се овозможи една поинаква Нова година.

За остварување на целта, младите волонтери организираат мини концерт, собирна акција за облека, обувки, покуќнина, играчки и училишен прибор. Собраните средства се донирани на семејството.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Ангела Трајанова и Емилија Филипова

Десиминатор: Васка Лазарова

## ООЦК Гази Баба

### *Сите заслужуваат да бидат среќни за новогодишните и божиќните празници*

Целта на овој проект беше да се обезбедат пакетчиња наменети

за децата од неколку социјално загрозени семејства, и привлекување на нови волонтери во Црвен крст Гази Баба.

За остварување на оваа цел, младинците организираат собирна акција во локален супермаркет со која се обезбедени средства за 35 пакетчиња наменети за дечињата од девет социјално загрозени семејства, а исто така преку активностите на овој проект во редовите на Црениот крст на Гази Баба се приклучуваат 8 нови волонтери.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Тимотеј Андоновски, Филип Ивковски, Марко Костов, Виктор Стојовски, Петар Петрушев, Ана Кирова, Аида Брунчевиќ, Мартина Стојановска, Станка Димитриевска, Јована Петрушевска

Дисеминатор: Јован Гаковски

## ООЦК Гази Баба

### *Променета дневна рутина за сите млади*

Целта на овој проект беше да се поттикнат седум деца од социјално загрозени семејства на редовност на училиште, да се разбуди нивната креативност, да се зголеми желбата и мотивацијата за учење, да се подобри изговорот и комуникацијата, и да се работи на зголемување на меѓусебната доверба и почит.

За да ја остварат оваа цел, младите волонтери кои го реализирале овој проект првично стапиле во контакт со Советодавниот центар за родители и деца Гази Баба со чија помош дошле во

контакт со децата. Биле организирани 11 едукативни состаноци со овие деца.

Покрај подготовката на неделната училишна програма со децата биле организирани и додатни креативни и едукативни работилници. Овој проект е планирано да продолжи и во иднина.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Филип Ивковски, Виктор Стојовски, Ивона Станковска, Магдалена Николовска

Дисеминатор: Јован Гаковски

## ООЦК Гази Баба

### Се дружиме и знаења споделуваме

Целта на овој проект беше дружење и едукација на децата од социјално загрозени семејства за трговија со луѓе и полово преносливи болести.

За таа цел младите волонтери организираат обука за 5 деца од социјално загрозени семејства каде заедно се дружат и учат за трговијата со луѓе и полово преносливите болести, а со средствата од собирната акција купуваат храна и пијалоци за да ги почестат учесниците по обуката.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Марко Костов, Филип Ивковски, Виктор Стојовски, Сања Костиќ

Дисеминатор: Јован Гаковски

## ООЦК Гази Баба

***Спасувањето на едно куче нема да го смени вашиот живот, но сигурно ќе го промени неговиот живот***

Целта на овој проект беше да се заштитат кучињата бездомници од студеното време.

За таа цел младите волонтери поставуваат 26 привремени живеалишта за кучиња во нивната општина за да се обезбедат подобра и потопла средина за кучињата скитници во зимскиот период.

Оценет со фаза: 4-

Изработиле: Виктор Стојовски, Петар Петрушев, Марко Костов, Филип Ивковски, Мартина Стојановска, Станка Димитриевска, Сандра Петрушевска

Дисеминатор: Јован Гаковски

## ООЦК Гази Баба

***Денот на жената означен преку погледот на младите***

Целта на овој проект беше да се соберат финансиски средства за да се честита Денот на жената на дамите во поодминати години од едно здружение за трудови инвалиди.

За таа цел младиот волонтер организира хуманитарна забава со која се собрани 3300 денари со кои се купени и подарени цвеќиња за овие дами.

Оценет со фаза: 4-

Изработиле: Марио Вељаноски

Дисеминатор: Јован Гаковски

## ООЦК Гевгелија

***Биди хуман-направи промена!***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно семејство од Богданци чија куќа е уништена од пожар.

За таа цел младите волонтери организираат музички концерт со 3 групи, ја информираат јавноста преку плакати и преку медиумите и успеваат да соберат 6200 денари кои потоа се донирани на семејството како помош за плаќањето на долгот за реновирање на куќата.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Цеца Србова, Марија Ичкова, Теодора Петрушева, Елена Пеева, Силвија Ристиќ

Дисеминатор: Соња Србова

## ООЦК Гевгелија

***Среќа е...***

Целта на овој проект беше да им се помогне на 3 социјално

загрозени семејства.

За таа цел младите волонтери организираат собирна акција и обезбедуваат облека за децата и возрасните од семејствата, а во едно семејство донираат и кревет.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Ангела Сапламаева, Александра Николова, Камелија Србова, Живко Мачуков, Димитар Кречев, Ивана Паункова, Вања Петрушева

Дисеминатор: Соња Србова

## ООЦК Гевгелија

***Ако не можеш да нахраниш 100 луѓе, нахрани барем една личност***

Целта на овој проект беше да се помогне на шестчлена фамилија од турска националност која имаше потреба од обувки и облека..

За таа цел младите волонтери организираат собирни акции и поставуваат кутии за донации и успеваат да соберат 3000 денари од кои се купени обувки, долна облека, чорапи и храна, а преку донациите обезбедена е облека, кревет и садови за домаќинство.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Вања Петрушева, Снежана Николиќ, Надица Упчева, Ивана Паункова, Камелија Србова

Дисеминатор: Соња Србова

## ООЦК Гостивар

***Насмеј се и придонеси***

Целта на овој проект е да им се помогне на три семејства кои живеат во тешки услови.

За таа цел младинците организираат претстава, ја анимираат заедницата и обезбедуваат медиумска покриеност. Собрани се 50.600 денари кои се искористени да се купи фрижидер, шпорет, облека, храна, средства за лична хигиена, 2 кауча и сл., кои потоа се донирани на семејствата.

Оценет со фаза 5++ сонце

Изработиле: Деа Мухареми, Аријан Зуфери, Артан Бајрами, Артин Селмани, Берат Рустеми, Валон Адеми, Ајше Усеини, Имран Османи

Дисеминатор: Мајлинда Адеми

## ООЦК Гостивар

***Со хумана акција до нова насмевка***

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на едно шестчлено семејство од Гостивар.

За таа цел организираат хуманитарна забава, собирна акција, изработка на плишани срца кои се продавани на самата забава.

Сите овие активности резултираат со собрани 14.110 денари со кои е купена печка на дрва и плакар, а од собирната акција се обезбедени облека и обувки за семејството.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Лилјана Спиревска, Ангела Серафимоска, Ина Велјаноска, Ана Апостолоска, Олга Лазаревска

Дисеминатор: Гордана Михајлоска

## ООЦК Гостивар

### *Забавувајте се со хумани цели*

На едно тричлено социјално загрозено семејство, им беа донирани бојлер и машина за перење алишта – електронски апарати кои се неопходни за едно домаќинство.

Парите беа собрани преку хуманитарниот концерт одржан од страна на младинците, а апаратите беа во вредност од 13.600 денари.

Оценет со фаза 5+

Изработиле: Албена Махмуди, Висар Зенки, Анеса Махмути, Елмедина Емрули, Бесарта Алиу.

Дисеминатор: Мајлинда Адеми

## ООЦК Гостивар

### *Ден на солидарноста*

Целта на овој проект беше помош на едно петчлено семејство кое се наоѓа во потешка материјална состојба .

За таа цел младите волонтери готвеа храна која потоа ја продале за да обезбедат намирници за семејството.Така собрале 4.556 денари со кои биле купени пакети со храна, со што истовремено ја промовирале солидарноста помеѓу луѓето.

Оценет со фаза 4++

Изработиле: Аделина Бектеши, Арбина Илјази, Нарта Абдиа, Албрим Асани.

Дисеминатор: Мајлинда Адеми

## ООЦК Гостивар

### *Дарувај љубов, дарувај радост*

Целта на овој проект беше да се помогне на деца со посебни потреби кои престојуваат во Дневениот центар, и во уште две паралелки во кои исто така учат деца со посебни потреби.

За таа цел младите волонтери организираат собирна акција и успеваат да соберат 20.200 денари од кои 10.000 денари се искористени да се направат пакетчиња со прехранбени производи, 6.104 денари се искористени за купување на едукативни матери- јали, а со преостанатите 1340 денари се купени играчки согласно

желбите на децата од Дневниот центар.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Елизабета Миовска, Ангела Анѓелеска, Гордана Божиноска, Снежана Серафимовска, Стефан Маркоски

Дисеминатор: Гордана Михајлоска

## ООЦК Гостивар

### Биди хуман-донирај и помогни

Целта на овој проект беше да се помогне на една самохрана мајка и нејзините две деца (шест месечно бебе и пет годишно дете).

За таа цел младинците организираат собирна акција од маркети преку која се обезбедени храна, средства за лична хигиена, облека и обувки.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Јована Смилеска, Христина Петреска, Каролина Исакоска, Деспина Данилоска, Вида Апостолоска, Даниела Нофитоска, Илина Анѓелкоска, Милица Марковска, Едиса Османи

Дисеминатор: Гордана Михајлоска

## ООЦК Крива Паланка

***Една приказна за среќа***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно 18-годишно момче со посебни потреби преку дружење и донација на облека и средства за хигиена.

За остварување на оваа цел, младите волонтери организираат куклена престава преку која се собрани средства за да се купат тренерки, алишта, пакет со прехранбени продукти и средства за лична хигиена во износ од 2020 денари.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Ирена Јакимовска, Стефан Стојковски, Елена Величковска, Христина Цветановска, Дијана Јовановска, Мартина Богдановска, Ирсен Мемедов, Антонета Трајковска

Дисеминатор: Светлана Лазаревска

## ООЦК Крива Паланка

***На пиедесталот-хуманоста***

Целта на овој проект беше да се помогне на една средовечна жена која живее сама во неповолни услови и без доволно затоплување, во едно село близу Куманово.

За таа цел младинците организираат турнир во мал фудбал и бараат донации од поединци и компании. Со овој проект младите волонтери обезбедуваат еден метар кубен дрва, но и пакет прехранбени и хигиенски производи во износ од 2700 денари.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Викторија Михајловска,Ален Лазаревски, Дарко Ѓорѓиевски, Филип Петровски, Христина Николовска, Кристијан Младеновски, Виктор Лазаревски, Тамара Трајковска

Дисеминатор: Светлана Лазаревска

## ООЦК Крива Паланка

***Спој на креативност, традиција и хуманост***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно семејство кое живее во село близу Куманово.

За таа цел младинците организираат акција за изработка на мартинки и честитки и успеваат да ја анимираат заедницата да учествува во хуманитарната акција. Собраните 3500 денари се искористени да се купат 10 вреќи цемент со што ќе му се помогне на семејството во изградбата на домот.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Ангела Тоневска, Рената Тоневска,Јована Николовска, Јованка Ристовска, Габриела Јакимовска, Меланија Стевановска, Рената Мемедовска

Дисеминатор: Светлана Лазаревска

## *ООЦК Крива Паланка*

### *Забавата промотор на вредно дружење, забава, хуманост*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно четиричлено семејство кое живее под кирија во стара и дотраена куќа.

За таа цел младинците организираат хуманитарна забава во кафуле од која се собрани 2670 денари, а се искористени да се купат 6 столици, комода, прехранбени и хигиенски производи за семејството.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Татјана Тодоровска, Симона Симоновска, Сара Ристовска, Јованче Додевски, Јованче Спасовски, Христијан Давидовски, Ангел Ивановски, Дарко Стефановски

Дисеминатор: Светлана Лазаревска

## ООЦК Карпош

### *Хуманоста не познава граници, сите сме еднакви*

Целта на овој проект била помош на две повеќечлени семејства од Скопје кои се наоѓаат во тешка финансиска состојба.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците најнапред организираат хуманитарна забава во еден локален кафе бар, тие исто така организирале и хуманитарно прикажување на претставата “Петколни години” која е средношколска претстава со која нивните соученици добиле прво место на натпревар. Покрај ова,

младите организираат и собирна акција за облека во ЦГГУГС Здравко Цветковски. Со собраните средства преку забавата и претставата младите набавиле прехранбени и хигиенски пакети, кои заедно со собраната облека потоа ги донирале на семејствата.

Оценет со: 5++

Изработиле: Тамара Димиќ, Теодора Петковска, Теодора Стефановска, Лазе Савески, Ангела Николовска, Дарио Димовски, Гзиме Браими, Хибе Елмани

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

***Среќата е во малите нешта***

Целта на овој проект било дружење и социјализација со една физички хендикепирана госпоѓа од трето доба, која за жал веќе 10 години го нема напуштено својот дом поради физичката имобилизација.

За да ја остварат оваа своја цел, младите кои го реализираа овој проект во текот на неколку месеци, два пати неделно ја посетуваа оваа госпоѓа и ја изведуваа на прошетки во центарот на градот. Тие исто така организирале и низа активности и креативни работилници за собирање на средства за изградба на рампа во нејзиниот дом во иднина како би можела слободно да влегува и да излегува.

Оценет со: 5+

Изработиле: Ристе Стојанчев, Иван Шилегов, Марија Бошковска, Ирина Чабуковска, Емили Василевска,

Елена Давчева, Ана Божиновска, Сашка Талевска, Кристина Велкова

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

***Заедно за подобра иднина***

Целта на овој проект била помош на едно мало девојче од Скопје и на нејзиното семејство преку собирање на средства за лекување и трансплантација на бубрег.

За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците организирале низа активности. Најпрво тие организираат една хуманитарна забава во еден кафе бар во нивниот град, потоа организирале и собирна акција на покуќнина помеѓу хуманите жители кои сакале да донираат, тие исто така спровеле и собирна акција на парични средства со кои потоа набавиле прехранбени и хигиенски пакети за семејството. Покрај сето ова, тие по повод 8-ми Март организираат креативни работилници за изработка на цветови од хартија кои потоа ги поставиле на хуманитарен штанд во еден локален голем маркет. Тие исто така организирале и хуманитарна претстава која сами ја изведувале. Со собраните средства од сите овие активности тие набавиле лекови за девојчето, како и пакети со храна и хигиена за нејзиното семејство, и ги донирале.

Оценет со: 5+

Изработиле: Теодора Ангелеска, Слободанка Илиевска,

Павлина Ангеловска, Андреа Добревска, Ивана Ѓорѓиоска, Ивана Велкова и Ангелина Вељановска.

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

***Хуманоста не познава граници***

Целта на овој проект беше помош на една самохрана мајка и нејзините три деца.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го реализираа овој проект организираат хуманитарен турнир во мал фудбал. Со собраните средства од патиципацијата на екипите, младинците набавиле пакети со хигиенски и прехранбени продукти и ги донирале на семејството.

Оценет со:5+

Изработиле: Горан Ѓорѓиевски, Андреј Тасев, Груица Ѓоргиевски, Ангеле Стефановски

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

***Со спортски игри до топол оброк***

Целта на овој проект било приготвување и послужување на еден оброк на неколку семејства кои се социјално загрозени.

За да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред организираат хуманитарни спортски игри со цел да соберат средства за набавка на намирници кои потоа сами ги подготвиле. Тие организираат еден свечен ручек за семејствата преку кој им овозможија да поминат еден прекрасен ден сите заедно.

Оценет со: 5

Изработиле: Тамара Ѓорѓиевска, Андреј Галабовски, Борче Ангелковски, Златко Трифуновски, Тодор Тодоровски, Алексеј Шулајковски и Никола Ѓорѓиевски

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

### *Твојата хуманост за некого е голема радост*

Целта на овој проект беше социјализација и разубавување на секојдневието на децата со хендикеп од центарот “Отворете ги прозорците”.

За да ја остварат оваа своја цел младинците најпрво организирале приредба во своето училиште на која учество зеле голем број на нивни соученици и нивните родители. Со собраните средства од оваа приредба тие купиле подароци и организирале забава за децата со хендикеп од центарот.

Оценет со: 5

Изработиле: Мила Басаровска, Ромина Јованова и Тамара Христовска

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

***Со мало внимание до големи дела***

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за обезбедување на безбедносен патос во дневниот центар за Церебрална парализа. Целна група на овој проект биле 50 лица кои се корисници на дневниот центар за церебрална парализа.

За да ја реализираат оваа своја цел младинците реализирале цела низа на активности. Најпрво организирале хуманитарна забава во еднен локален клуб, потоа организирале креативна работилница за изработка на цветови кои потоа ги изложиле на штанд во еден голем локален маткет, тие исто така организирале и изложба на цртежи изработени од децата корисници на центарот за лица со церебрална парализа од Скопје. Со собраните средства набавиле 30м2 безбедносен под-катамин за центарот.

Оценет со: 4++

Изработиле: Марија Срезоска, Магдалена Јанева, Љупка Ѓошева, Кристина Ивановска, Ивона Апостолова

Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Кисела Вода

***Хуманитарна забава***

Целта на овој проект беше да се подарат новогодишни

пакетчиња на корисниците на дневниот центар Порака во Скопје.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците најнапред организираат голема хуманитарна забава во една локална дискотека. Потоа тие во соработка со здружението на пензионерки од Кисела Вода и танцовото друштво Прима Данца организирале пригодна манифестација на која биле поделени новогодишни пакетчиња на сите 36 штитеници на центарот Порака кои биле набавени со средствата од забавата.

Оценет со фаза 4++

Изработиле: Катина Мицова, Ирена Анѓеловска, Теа Нестороска, Александар Ѓорѓиевски
Дисеминатор: Никола Јанев

## ООЦК Кисела Вода

### *И тие заслужуваат внимание*

Овој проект се карактеризира со неколку цели: Поттикнување на пензионерите од општина Кисела Вода на активно стареење, поттикнување на меѓугенерациска соработка и помош и поддршка на бездомните лица во Кисела Вода.

За да ги остварат сите овие поставени цели  младинците кои го изработија овој проект во соработка со здружението на пензионери на општина Кисела Вода организираат голема хуманитарна манифестација по повод св. Трифун и св. Валентин, со културно уметничка програма која била заеднички подготвена. Со собраните средства од оваа културно уметничка манифестација биле набавени прехранбени продукти од кои биле изработени мини пакети кои биле потоа поделени на бездомните лица во

општина Кисела Вода.

Оценет со фаза 4++

Изработиле: Александар Лазовски, Катина Мицова, Благоја Ставров, Ивана Настеска и Викторија Бежоска

дисеминатор: Никола Јанев

## ООЦК Кисела Вода

***Малата работа носи големи нешта***

Целта на овој проект беше донирање на финансиска помош за едно мало момченце од Скопје кое боледува од одреден вид на енцефалопатија и кому му е потребно испитување и третман во детската болница во Синсинати, САД.

За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците кои го изработија овој проект организираат хуманитарен турнир во фудбал на училишни екипи од средните училишта на територија на општина Кисела Вода. Секоја пријавена екипа плаќала одредена партиципација . Средствата собрани од овој хуманитарен турнир потоа биле донирани на жиро сметката отворена за лекување на детето.

Оценет со фаза 4++

Изработиле: Јовица Костовски, Марио Урањек, Мартин Ангеловски и Андреј Цуцулов

Дисеминатор: Кристијан Грамов

## ООЦК Кисела Вода

***Од деца за деца***

Целта на овој проект беше разубавување на еден ден на децата заболени од хронични болести, кои се хоспитализирани на клиниката за детски болести во Скопје.

За да ја остварат оваа цел младинците организирале низа креативни работилници во соработка со неколку основни училишта во Кисела Вода на која заедно со учениците изработуваа ракотворби. Овие ракотворби биле потоа изложени и продавани на штанд на ракотворби во едно од основните училишта, како и во трговскиот центар Капитол. Со средствата собрани од оваа активност потоа младинците купиле играчки, боенки, боички , сликовници и книги кои ги подариле на дечињата кои биле хоспитализирани на неколку одделенија на клиниката за детски болести во Скопје

Оценет со фаза 4+
Изработиле: Мартина Темелковска и Теа Несторовска
Дисеминатор: Кристијан Грамов

## ООЦК Кисела Вода

***Биди храбар, подари среќа***

Целта на овој проект беше организирање на ликовна работилница со децата од домот за деца без родители 11 Октомври во Скопје. За да ја остварат оваа своја цел младинците кои го изработија овој проект најнапред поставиле касичка за донации за време на стенд ап комедијата "Умри мушки" која се

одиграла во Универзалната сала во Скопје. Со средствата собрани на овој начин тие набавиле материјали за организирањето на ликовната работилница која на 13 март ја организирале за децата во домот 11 Октомври во Скопје.

Оценет со фаза 4

Изработиле: Нина Максимовиќ, Љубен Аврамовски, Никита Ташевска, Мартина Темелковска и Марио Урањек.

Дисеминатор: Кристијан Грамов

## ООЦК Кичево

### *Преку забава до хуманост*

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за купување на респиратор за една дваесет годишна девојка од албанска националност која боледува од церебрална парализа.

За таа цел младите волонтери организирале шоу во кое имало концертен настап, пеење, рецитирање, презентација и скромен коктел.

Со овој проект вкупно се собрани 5500 денари од продадените карти и средствата биле наменети за купување на потребниот респиратор. Првична вредност на респираторот била 9000 евра, за потоа таа да биде намалена на 1700 евра. Младите волонтери од Црвен крст Кичево со сите свои проекти успеваат да соберат вкупно 30000 денари и заедно со спонзорите кои веќе имале донирано 1200 евра го купиле многу потребниот респиратор.

Оценет со фаза: 5++

Изработиле: Симона Миладиноска, Емилија Дејаноска, Сандра Ширгоска, Драгана Лазороска, Стефан Стерјоски, Мартин Стојановиќ, Александра Мицкоска

Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кичево

***Со мали чекори до големи хумани дела***

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за купување на респиратор за дваесет годишна девојка од албанска националност која боледува од целебрална парализа.

За остварување на оваа цел младите волонтери продаваат декорирани ресани и собираат 4400 денари кои биле наменети за купување на потребниот респиратор. Првичната вредност на респираторот била 9000 евра, за потоа таа да биде намалена на 1700 евра. Младите волонтери од Црвен крст Кичево со сите свои проекти успеваат да соберат вкупно 30000 денари и заедно со спонзорите кои веќе имале донирано 1200 евра го купиле многу потребниот респиратор.

Оценет со фаза: 5++

Изработиле: Марија Силјаноска, Евгенија Силјаноска, Симона Миладиноска, Драгана Срезоска, Робертина Атанасоска

Дисеминатор:Ана Дујковиќ

# ООЦК Кичево

***Потруди се за почиста средина***

Со прикажуање на филмот “Hours“ во “Домот на култура“-Кичево младинците успеаа да продадат 205 карти, кои во парична вредност би значеле 9250 денари. Со овие средства беа поставени цвеќиња и ограда во паркот во Кичево, купени 2 банкини и 3 корпи за отпадоци.

Оценет со фаза: 5++

Изработиле: Егзона Ризмани, Арбулена Ејупи, Дрилона Ајрадини, Јусуф Елези, Бајрам Рахмани, Бајрам Ристеми.

Дисеминатор: Ерблина Пурелку

# ООЦК Кичево

***Денот на заљубените - мала причина за голема хуманост***

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за купување на респиратор за дваесет годишна девојка од албанска националност која боледува од целебрална парализа.

За остварување на оваа цел, младите волонтери изработуваат и продаваат честитки и украсуваат и продаваат медењаци.

Со овој проект вкупно собираат 5500 денари (од кои 1000 денари се од спонзори) и истите ги уплаќаат на сметка. Првичната вредност на респираторот била 9000 евра, за потоа таа да биде

намалена на 1700 евра. Младите волонтери од Црвен крст Кичево со сите свои проекти успеваат да соберат вкупно 30000 денари и заедно со спонзорите кои веќе имале донирано 1200 евра го купиле многу потребниот респиратор.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Киријана Спироска, Драгана Срезоска, Драгана Лазароска, Дејан Китаноски, Ана Божиноска, Сашо Цветаноски, Кристофор Наумоски, Славе Шошолоски, Ана Наќеска

Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кичево

***Секогаш верувај***

Во период од 2 месеци младите волонтери редовно ги посетија децата со посебни потреби сместени во “Домот за деца“ во Кичево. Нивните средби за дружења, беа исполнети со задачи и вежби, кои имаа за цел да ги научат бројките до 10. Исто така, времето поминато заедно беше искористено и за изработка на честитки, од продажбата на кои понатаму беа собрани 4030 денари, наменети за потребите на децата.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Дхурата Пурелку, Емине Рушити, Валдете Далипи, Селиме Елмази

Дисеминатор: Ерблина Пурелку

# ООЦК Кичево

***Фолклорот е начин за промоција на култури и правење хумани дела***

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за купување на респиратор за дваесет годишна девојка од албанска националност која боледува од целебрална парализа.

За остварување на оваа цел младите волонтери организираат хуманитарен фолклорен концерт на повеќе културно-уметнички друштва и на неколку млади пејачи.

Од продадените билети тие вкупно собрале 10560 денари кои истотака биле наменети за купување на респираторот. Првичната вредност на респираторот била 9000 евра, за потоа таа да биде намалена на 1700 евра. Младите волонтери од Црвен крст Кичево со сите свои проекти успеваат да соберат вкупно 30000 денари и заедно со спонзорите кои веќе имале донирано 1200 евра го купиле многу потребниот респиратор.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Робертина Атанасоска, Мартин Стојановиќ, Евгенија Сиљаноска, Марија Аврамоска, Дејан Китаноски, Петар Димоски

Дисеминатор: Ана Дујковиќ

# ООЦК Кичево

***Стварноста е невидлива за очите***

Единаесет млади волонтери ја прикажаа на свој начин светски познатата новела “Малиот принц“ пред кичевската публика, преку

која успеаа да соберат финансиски средства во вредност од 5920 денари со кои ги ублажија потребите на едно социјално загрозено семејство од Кичево, снабдувајќи ги со прехрамбен и хигиенски пакет.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Агрон Селими, Аргтим Рамадани, Фјола Алиу, Саранда Мехмеди, Диелза Сула, Блерина Зендели, Беса Кадриу, Дјелза Челику, Леонора Бајрами, Нуредин Елмази, Егзон Максути.

Дисеминатор: Ерблина Пурелку

## ООЦК Кичево

### *Велосипедски маратон*

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за купување на респиратор за дваесет годишна девојка од албанска националност која боледува од целебрална парализа.

За остварување на оваа цел младите волонтери организираат велосипедски маратон во времетраење од два часа, а присутните доброволно донираа средства.

Со овој проект младите волонтери го промовираат спортот и вкупно собираат 4340 денари (од кои 3100 денари се од спонзори). Првичната вредност на респираторот била 9000 евра, за потоа таа да биде намалена на 1700 евра. Младите волонтери од Црвен крст Кичево со сите свои проекти успеваат да соберат вкупно 30000

денари и заедно со спонзорите кои веќе имале донирано 1200 евра го купиле многу потребниот респиратор.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Сиљаноска Евгенија, Цветаноски Сашо, Атанасоска Робертина, Китаноски Дејан, Миладиноска Симона, Сиљаноска Марија

Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кичево

***Поетска вечер***

За да ја ублажат економската состојба на една жена од Кичево која живее сама, младинците организираа поетска вечер, за текот на која се погрижи рецитаторска група од нивниот град. Беа продадени 100 карти кои преведени во парична вредност изнесуаат 5200 денари. Со парите биле купени еден тепих, покуќнина и прехранбени производи за оваа жена.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Албина Сефадини, Џемиле Сејдини, Егзона Ајрадини, Миџен Зендели, Лиридон Лутфиу, Гентиан Јонузи.

Дисеминатор: Ерблина Пурелку

## ООЦК Кичево

***Помошта лек за душата***

Младите од Кичево на многу оригинален начин успеаа да им обезбедат на едно семејство од с. Тухин шпорет на дрва, покуќнина

и прехрамбени производи. Преку продажба на штампани маички и честитки со разни пораки беа собрани и наменети за семејството 4000 денари.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Мухамед Вели, Азизе Куртиши, Рина Пурелку, Агон Јакупи, Исен Касоски, Куштри Сејдини

Дисеминатор: Ерблина Пурелку

## ООЦК Кичево

***Со креативност и мали акции ја менуваме нашата околина***

Целта на овој проект беше да се разубави околината на Општинската организација на Црвен крст Кичево како и да се разменат искуства и знаења, но и да се стекнат нови вештини од меѓусебната дружба на волонтерите и извидниците од кичевскиот одред.

Со овој проект е исчистена околината кај реката Сушица и е бојадисан ѕидот (ознака) кај ООЦК Кичево за негова поголема препознатливост. Волонтерите остваруваат соработка со 80 активни извидницит-младинци и ги запознаваат со активностите на Црвениот крст и ПХВ програмата. Исто така е постигнат договор за снабдување на извидниците со шатори на ООЦК Кичево за нивните понатамошни акции.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Сара Србиноска, Киријана Спироска, Сашо

Цветаноски, Ана Божиноска, Драгана Срезоска, Дејан Китаноски, Филип Брсјак, Драгана Лазароска, Стефан Штерјоски

Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кичево

***Малку внимание-многу среќа***

Целта на овој проект беше да се разубават неколку дена на децата со посебни потреби од еден дневен центар.

За остварување на оваа цел младите волонтери гледаат цртан филм со овие деца, ги учат на броевите и буквите и организираат заедничка изработка на украси и честитки за 8-ми Март. Волонтерите во период од две недели неколку пати се забавуваат и дружат со децата. Резултатот од овој проект се многу насмевки и топли прегратки.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Драгана Срезоска, Симона Китаноска, Елеонора Наумовска, Бисера Филипоска

Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кратово

***Со глума, песни и ора до помош на православните роми***

Целта на овој проект беше да се помогне на 5 семејства на православни роми од едно село близу Кратово.

За таа цел младинците првично се подготвиле да изведат стара македонска приказна, но поради технички причини организираат работилница за изработка на повеќе видови на накит кој потоа го продаваат. Со овој проект собрани се 1180 денари кои се искористени да се купат прехранбени производи. Продавниците и маркетите, од друга страна донирале средства за хигиена за потребите на овие пет семејства.

Оценет со фаза: 5++

Изработиле: Симона Колева, Далибор Цветановски, Ана Марија Коцевска, Оливер Митев, Илија Ристовски, Методи Додевски

Дисеминатор: Слаѓан Спасовски

## ООЦК Кратово

### *Заедно до замисленото*

Целта на овој проект беше да им се укаже внимание на децата со посебни потреби од еден дневен центар.

За таа цел младинците организираат собирна акција од која се собрани 1200 денари. Средствата се искористени да се купи дваесетина килограми овошје, слатки и лекови кои им се потребни за наредното утро. При посетата добиваат идеја заедно со децата да изработуваат рачни изработки кои потоа ќе можат да ги продадат на етно саемот. Идејата била прифатена и во наредните десетина дена тие секојдневно ги посетувале и работеле на овие креации. Додека ги изработувале волонтерите и децата од центарот се друмеле, слушале музика, читале приказни, играле со

топка, плетеле и т.н. На етно саемот имале свој штанд и од продажбата оствариле приход од 2500 денари од кои дел се искористени за екскурзија на децата од центарот, а со другиот дел е купен материјал кој исто така ќе биде искористен за рачни изработки во некој друг дневен центар.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Ивана Павловска, Мелиса Демовска, Ева Дачева, Климентина Доневска, Антонела Манева

Дисеминатор: Слаѓан Спасовски

## ООЦК Кратово

### *Подари пакетче-подари насмевка*

Целта на овој проект беше да се посетат лицата со посебни потреби од еден дневен центар и да им се пружат весели моменти за новогодишните празници.

За таа цел волонтерите посетиле повеќе маркети и продавници од кои обезбедиле донација од прехранбени производи кои потоа ги спакувале во новогодишни пакетчиња. За дополнително да им ги разубават новогодишните празници, тие исто така изработиле честитки и украси за на рака како подарок.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Александар Ѓорѓиевски, Далибор Цветановски, Емилија Пановска

Дисеминатор: Слаѓан Спасовски

## ООЦК Кратово

### *Насмевката е единствената крива линија која може да смени многу работи*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно четиригодишно девојче кое боледува од целебрална парализа и на кое му се потребни 4500 евра за сите потребни испитувања и за авионски транспорт до Турција. За жал, единствен редовен приход на семејството на ова девојче е надоместокот од државата во висина од 8000 денари и со тоа не се во можност да ги покријат горе наведените трошоци.

За таа цел, младите волонтери организираат собирни акции и отвораат штандови за донации со кои собрале 4508 денари кои се уплатени на жиро-сметка на семејството и со тоа го дале својот придонес за лекувањето на ова четиригодишно девојче со најава дека овој проект не е завршен и целта се уште не е постигната за што веќе подготвуваат дополнителни активности.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Рената Тоневска, Моника Милевска, Сара Велкова, Бранкица Монева, Катерина Филиповска

Дисеминатор: Слаѓан Спасовски

## ООЦК Кратово

### *Креативна работилница за нашите мили ангелчиња*

Целта на овој проект беше да се разубави просторот на еден

дневен центар за лица со посебни потреби од самите корисници на овој центар.

За таа цел младите волонтери организираат 3 креативни работилници во која овие лица го дале својот креативен придонес за разубавување на просторот кој секојдневно го посетуваат.

На овие креативни работилници се изработени 5 знамиња, 3 кукли, 2 свеќници, плетени украси, разбој, украсни шишиња , украсни ЦД-а, 8 цртежи , изработени се нараквици (за секое дете по една) и разни други украси. За време на работилниците волонтерите со децата играле друштвени игри, играле со топче, ги подучувале да читаат и пишуваат, играле и пееле.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Далибор Цветановски, Леонора Мијалковска, Емилија Пановска, Марио Симоновски

Дисеминатор: Слаѓан Спасовски

## ООЦК Кратово

### *Помош за едно семејство од Кратово*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно осумчлено семејство чија семејна куќа настрадала во пожар и останале без покрив над глава. Во огнената стихија комплетно настрадал покривот и горниот спрат од куќата, а санацијата на штетата не била возможна бидејќи никој од ова семејство не бил вработен

За таа цел младинците организираат неколку собирни акции во

нивниот град и успеваат да соберат 6000 денари кои се уплатени на жиро-сметка на семејството се со цел да им помогнат.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Методи Додевски, Марија Трајковска, Дијана Данилова, Дијана Пешевска, Валерија Манасковска, Анџело Димовски

Дисеминатор: Слаѓан Спасовски

## ООЦК Крушево

***Не озборувај кога не знаеш***

Со овој проект младите волонтери сакаат да им помогнат на невестите Албанки од Крушево и с.Острилци полесно и побрзо да се вклопат во новата средина, а воедно да им се помогне на дел од нивните семејства кои се во потешка финансиска состојба во моментот.

За остварување на овој проект младинците држат часови по македонски јазик за невестите Албанки за подобро совладување на азбуката, граматиката, зголемување на фондот на зборови и сл., додека за нивните семејства организираат собирна акција на алишта, храна и хигиенски производи.

Дел од семејствата добиле и пакет со  храна и облека, додека невестите Албанки ги совладале поставенитецели и изјавиле дека се чувствуваат посамоуверено да започнат разговор. Договорено е по завршувањето на овој проект тие и понатаму да доаѓаат барем по еден час неделно за и понатаму да го зголемуваат своето знаење.

Оценет со фаза: 5+++ сонце

Изработиле: Драгана Ѓорѓиоска, Даниела Петковска, Ангела Најдоска, Емилија Ѓорѓиоска

Дисеминатор: Софија Николовска

## ООЦК Крушево

### Помагаме од срце

Целта на овој проект беше да се помогне на едно петчлено семејство да има подобри услови за живеење, а исто така да се помогне и во Дневниот центар за децата со посебни потреби во Крушево.

За да ја остварат својата цел, младите волонтери организираат хуманитарна драма, собирни акции за храна и облека, хуманитарен спортски натпревар во мал фудбал и изработка и продажба на накит. Благодарение на овој проект членовите на семејството добиваат нов бојлер, леген, пакет со храна, пакет со хигиенски производи и облека. Со овој проект исто така е обезбедена правосмукалка за Дневниот центар за децата со посебни потреби.

Оценет со фаза: 5++

Изработиле: Мартин Лозаноски, Стевче Јанкулоски, Мартин Матевски,Ташули Петроски

Дисеминатор: Софија Николовска

## ООЦК Крушево

**Статус: Во ЦК мрежа**

Со овој проект младите волонтери си поставија за цел да го пополнат слободното време на учениците од две училишта и на младите од Крушево со интересни содржини и активности.

За таа цел тие организираат низа активности од кои можат да се издвојат хуманитарениот турнир во мал фудбал, прошетките во природа, натпреварот во брза географија, претставите, 3D оригами со рециклирана хартија, забава со балони...Младите волонтери со преставите успеваат да побудат голем интерес кај публиката, а во турнирот во мал фудбал учествуваат и млади од соседните општини. Со овој проект дневната рутина на младите во Крушево барем за одреден период се промени, и стана поттик за слични настани во иднина.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Благоја Наумоски Гули, Моника Стојковска, Јован Папалазоски, Елена Чакалар, Димитар Пажик

Дисеминатор: Софија Николовска

## ООЦК Крушево

***Има лек, има век***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно петчлено социјално загрозено семејство, особено на еден од членовите кој поради болест има потреба од посебен режим на исхрана.

За остварување на оваа цел, младите волонтери организираат

собирни акции и претстава. Со овие активности тие успеваат да набават пакет со храна, пакет алишта и многу потребниот блендер. Еден член од семејството е болен и оперирaн поради што овој блендер ќе биде од голема полза за неговиот посебен режим на исхрана кој досега се сведувал само на каши. Пензионерите пак донирале еднократна парична помош од 3000 денари кои се искористени да се покријат дел од заостанатите неплатени сметки.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Моника Стојковска, Марија Јанковска, Драгана Ѓорѓиоска, Благоја Наумоски Гули, Констандина Бојаџиева

Дисеминатор: Софија Николовска

## ООЦК Крушево

***Ве сакаме***

Целта на овој проект беше да се помогне на еден самохран татко и неговите две деца, како и разбивање на монотонијата за пензионерите во Крушево.

За таа цел младите волонтери подготвуваат претстава со децата од едно основно училиште, изработуваат кафе пораки, заедно со пензионерките изработуваат готвачи со рецепти, собираат средства за да донираат пакет храна и училишен прибор,а преку собирна акција успеваат да обезбедат облека, душек, јорганче и ќебиња. Со овој проект младите волонтери преку изработката на готвачот со рецепти се зближуваат со пензионерите и редовно се дружат со нив. Дел од пензионерите се во контакт со волонтерите и присуствуваат на средбите во пензионерскиот дом само доколку присуствуваат и волонтерите.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Марија Јанковска, Фани Филипова, Ана Филипоска, Кристина Илијоска, Коста Костоски, Зуица Зерде, Тиана Костоска

Дисеминатор: Софија Николовска

## ООЦК Куманово

***Од солзи до радост***

Целта на овој проект е подобрување на условите за живот и градење на дел од куќа на едно семејство од Куманово.

За остварување на оваа цел, младинците организираат низа активности како собирна акција, концерт, собирање на средства од врата на врата, и т.н. Со овој проект собрани се 86.800 денари кои се искористени за поставување на ламинат, инсталирана е струја , а купена е кујна и лавабо за семејството.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Делвина Исмаили, Амине Османи, Вјолца Зекири, Ариф Лимани, Касум Билали, Арбенита Исмаили, Ерен Али, Фарије Бајрами, Ермира Рамадани, Луфије Нухији, Ремтим Османи, Енеида Џафери, Исмаил Авдили, Елвира Јонузи, Метуше Фазлиу, Џеваире Алиу, Ибадете Ганије, Елјеса Рашити, Воглуше Фазлиу, Ќендреса Ајети.

Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

## ООЦК Кумново

### *Сите имаат потреба за внимание*

Целта на овој проект беше социјализацијата со децата со интелектуална попреченост до 18 години сместени во дневниот центар “Наша порака“. Оваа дружба која траеше во период од неколку месеци на крај беше крунисана со новогодишна дружба. На истата, младите волонтери донираа 34 новогодишни пакети за децата од центарот.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Ќендреса Ајети, Лутфије Нухији, Фарије Бајрами, Касум Билали, Вјолца Зеќири, Ерен Али, Ермира Рамадани, Исмаил Авдили, Арбенита Исмајли, Амине Османи, Елвира Јонузи, Ариф Лимани, Енеида Џафери, Ибадет Ганији.

Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

## ООЦК Куманово

### *Хумана рака насекаде се сака*

Целта на овој проект беше разубавување на секојдневието на 22 деца кои престојуваат во интернатот за деца во село Драгоманце, кумановско, преку купување на музички систем и декорирање на нивните соби во интернатот.

За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците реализираат неколку креативни работилници за изработка на

честитки. Најпрво тие подготвуваат новогодишни честитки кои потоа ги продаваат на градскиот плоштад, потоа подготвуваат честитки за денот на вљубените, за на крај да организираат изработка и продажба на честитки за 8-ми Март. Покрај ова тие за време на новогодишните празници организирале и хуманитарно сликање со Дедо Мраз  во "собата на Дедо Мраз" која сами ја изработиле. Со собраните средства тие потоа купиле музички систем и влезен уред и ги донирале на децата од интернатот, покрај ова тие заедно со нив организирале креативна работилница за изработка на декорации за нивните интернатски соби.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Наталија Стојмановска, Раде Ристиќ, Драгана Димитриевска, Анета Стојановски, Филип Кузмановски, Сања Росевска, Иван Цветковски, Марко Величковиќ, Симона Стојковска, Катерина Младеновска, Магдалема Бошковска, Наталија Стојмановска, Сашка Душановска, Катерина Младеновска, Славољуб Ивановски, Марија Спасовска, Мартин Павловски, Никола Благоевски, Ангела Спасовска, Даниел Бојковски, Ивана Петковска, Дафина Антоновска, Дејан Алексовски, Тони Богданивски, Антонио Денчевски.

Дисеминатор: Светлана Илиевска

## ООЦК Куманово

### *Различни но сепак слични*

Целта на овој проект била поттикнување на креативноста и уметничкото изразување кај учениците, јакнење на нивната самодоверба и промовирање на мултикултурност и мултиетнич-

ност. Целна група на овој проект биле учениците од ОУ “Бајрам Шабани“ и ОУ “11-ти Октомври” и ОСТУ “Наце Буѓони” од Куманово.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците организираат низа уметнички работилници за музика и сликарство преку кои на креативен начин ја користат уметноста како мост помеѓу културите.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Драгана Димитриевска, Енеида Џафери, Сања Росевска, Касум Билали, Ангела Спасовска, Анета Стојановска, Арбенита Исмаили, Магдалена Бошковска, Наталија Стојмановска, Раде Ристиќ и Филип Кумзановски.

Дисеминатор: Светлана Илиевска и Линда Реџепи

## ООЦК Куманово

***Подај рака на оној што има мака***

Целта на овој проект била помош на едно седумчлено семејство од Куманово кое се наоѓало во тешка материјална состојба.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изработиле овој проект организираат хуманитарна забава во еден кафе бар во својот град. Со собраните средства од оваа забава тие набавиле неколку пакети со храна и хигиена и ги донирале на семејството.

Оценет со: 4+

Изработиле: Магдалена Бошковска, Сања Росевска, Филип Кузмановски, Драгана Димитриевска, Анета Стојановска, Ангела Спасовска, Даниел Бојковски, Дејан Алексовски, Владимир Цветковски, Наталија Стојмановска и Раде Ристиќ.

Дисеминатор: Светлана Илиевска

## ООЦК Куманово

***Биди хуман и подари надеж***

Целта на овој проект била помош на еден тринаесетгодишник од Куманово кому му бил дијагностициран агресивен тумор на малиот мозок, кој бил успешно опериран, но му биле потребни парични средства за постоперативен третман во Истанбул- Турција.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изработиле овој проект организираат хуманитарна забава на која настапиле неколку локални диџеи во еден кафе бар во својот град. Собраните средства од забавата тие ги уплатиле на жиро сметката за лекување на нивниот млад сограѓанин.

Оценет со: 4+

Изработиле: Филип Кузмановски, Ангела Спасовска, Силвија Спасовска, Анека Стојановска, Драгана Димитриевска, Сања Росевска, Магдалена Бошковска, Наталија Стојмановска, Симона Стојковска, Катерина Младеновска, Владимир Цветковски и Раде Ристиќ

Дисеминатор: Светлана Илиевска

# ООЦК М.Брод

***Ни вие не сте заборавени***

Целта на овој проект беше преку дружење и забава да се разубави еден ден на лицата со посебни потреби во село Манастирец.

За таа цел младите бараат донација од ланец на супермаркети кои им излегуваат во пресрет за да ја организираат забавата и за сите присутни да добијат подароци. Оваа забава воедно е и прослава на роденденот на една девојка од Дневниот центар за лица со посебни потреби.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Митреска Јована, Нестороска Мирјана, Грујоска Даниела, Алексоска Мартина, Атанасоска Дијана, Момироска Марија, Леонора Натали Костадиноска

Дисеминатор: Стефан Настески

# ООЦК М.Брод

***Детското невино срце, топол бран во ладната зима***

Целта на овој проект беше помош на еден ученик во основно училиште и помош за неговото семејство (8 браќа и сестри).

Младите волонтери преку собирна акција со флаери и плакати ја анимираат заедницата и обезбедуваат донација од облека, обувки и играчки. Сега на ученикот повеќе не му претставува

проблем облеката и постојано е со неговите другари. Исто така, пакети со облека добија и неговите 8 браќа и сестри, но и неколку негови соселани.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Тамара Јованоска, Соња Јованоска, Јована Ѓурческа, Валерија Маркоска, Гордана Вељаноска, Никола Андрески, Марија Маркоска, Љупка Стојаноска

Дисеминатор: Стефан Настески

## ООЦК Неготино

### *Црвенокрсташко кралство на хуманоста*

Целта на овој проект е да се реновираат просториите на Клубот на млади и дворот на Црвениот крст на општина Неготино, со цел да се обезбедат услови за реализирање на идните активности на сегашните волонтери, но и да се регрутираат нови.

Зацртаната цел младинците ја реализираат преку акции за собирање на потребните материјали и барање на донации.

Младинците успеваат да го реновираат просторот преку обезбедување на донации во материјали и мајстори и поставена е плоча, ламинат, глетување, средување на вратите и прозорците, поставување на плоча во дворот, уредување на шанкот во дворот, бојадисување на внатрешните ѕидови и бојадисување на оградата.

Оценет со фаза: 5++ сонце

Изработиле: Глигор Најдов,Кире Цветков, Евгенија Златановиќ, Елена Андонова, Елена Нацева

Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

***Потопол дом- за подобро утре***

Целта на овој проект е подобрување на условите за живот на едно шест и пол годишно девојче од с.Пепелиште кое има проблем со бубрезите преку организирање на собирни акции.

Со овој проект се обезбедени 16 000 денари со кои се купени фрижидер, ранец, книги, играчки, блузи, панталони, тава за готвење, ѓезве, храна и букет цвеќе.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Надица Атанасовска , Фатима Муратова, Кристина Николова, Дарко Груевски, Диме Петров, Рената Ѓорѓиевска

Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

***Помогни, предизвикај насмевка***

Целта на овој проект беше овозможување на подобар живот на едно семејството во кое две деца се болни од церебрална парализа.

За остварување на целта, младиниците организираат низа активности меѓу кои акција со чај, хуманитарен концерт, турнири во табла, шах и мал фудбал, хуманитарна забава, чистење на куќниот двор, изработка и поставување на кутии за донации...

Собрани се 36.744 денари со кои му се помогна на семејството за набавка на кревет за децата, печка на дрва, дрва за огрев, бојлер, влезна врата, новогодишни подароци и средување на куќниот двор. Младинците успеваат да ја анимираат заедницата и да обезбедат голема медиумска покриеност.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Мартин Ристов, Јордан Лазов, Ангела Стефановиќ, Милена Јовановска, Марија Костова, Наташа Димитрова

Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

### *Подари храна-подари љубов*

Целта на овој проект беше да му се помогне на еден средовечен човек да ја помине зимата и да се обезбедат најосновните работи за живот. Се работи за едно лице во ризик кое живее само во импровизирани услови и нема свое семејство.

За таа цел волонтерите организираат акција за донирање на облека и хуманитарен турнир во одбојка преку кој се собрани 9.950 денари. Овие средства се искористени да се купат хигиенски производи и производи за секојдневна употреба, добро вакуми-

рана храна, плинска боца, а собрана е и облека. Исто така дониран е еден кубен метар дрва за затоплување во зимските месеци.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Тодор Петров, Надица Димова, Христина Јованова, Дарко Јованов, Менче Јанчевска

Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

***Отвори го срцето, подари ја љубовта***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно малолетно девојче од едно семејство во ризик кое има проблеми со видот и потребни и се средства за постоперативни контроли и лекарства.

За таа цел младите волонтери организираат низа активности меѓу кои собирни акции, акција за делење на чај, хуманитарна забава и конкурс за литературно читање. Од овие активности се собрани 4310 денари од кои 2000 денари се предадени на семејството за подмирување на патните трошоци за постоперативните контроли и лекарства, а останати се искористени за реновирање на просториите на Клубот на млади Неготино.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Трајче Трајков, Софија Илиевска, Диана Џорова, Симона Миладинова

Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

### *Со подобар мебел до подобри услови за живот*

Целта на овој проект беше да се подобри квалитетот на живот на едно четиричлено семејство во ризик преку донација на мебел.

За да ја остварат оваа цел, младите волонтери пуштиле оглас преку кој побарале донација на мебел. На огласот се јавило едно семејство кое донирало тросед, двосед, фотелја, маса и витрина и со тоа на целната група и овозможило подобри услови за живот.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Иван Ѓорѓиев, Ангела Стефановиќ, Милена Јовановска, Елена Андонова

Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Охрид

### *Дом*

Целта на овој проект е да му се помогне на едно петчленото семејство кое се наоѓа во тешки услови, нема доволно храна и облека, нема соодветно живеалиште дури ни за зимските месеци поради што две од децата се привремено сместени во дом.

За остварување на оваа цел, младинците организираат собирна акција, се информираат за сите потребните документи за семејството да аплицира за социјален стан и организираат работилница за изработка на гипсени фигури.

Со сите овие активности младинците успеваат да обезбедат храна, обувки, средства за хигиена и свеќи за семејството. Тие исто така им помагаат и да ги обезбедат и поднесат сите документи за да аплицираат за социјален стан, им наоѓаат привремено живеалиште (барем за време на зимските месеци) и им обезбедуваат бојлер и дрва за огрев, обезбедуваат средства за екскурзијата и помагаат во социјализацијата на највозрасното дете од семејството.

Оценет со фаза: 5++ сонце

Изработиле: Евелина Арнаудова, Марио Новески, Мартина Лачоска, Анастасија Наумоска, Анастасија Групчева, Игор Недески, Томислав Рапешовски, Никола Боев, Дени Зеко

Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

### *Топлина*

Младинците со овој проект си поставуваат за цел да го заменат подот во дневниот центар за лицата со посебни потреби „ Добротољубие“.

За таа цел тие изработуваат, бојадисуваат и продаваат гипсени фигури, а дел од средствата ги обезбедуваат и преку донации.

Со овој проект младите успеваат да обезбедат 35м2 ламинат, подлога и лајсни, дел преку донации, а дел преку продажбата на гипсените фигури. Професионалните мајстори за местењето на ламинатот бесплатно ги понудиле своите услуги.

Оценет со фаза: 5++ сонце

Изработиле: Ивана Мирческа, Наташа Тасеска, Ана Томевска, Христијан Грозданоски

Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

***Виделина***

Целта на овој проект е да се помогне на едно семејството од Лескоец, на тој начин што ќе се обезбедат диоптерски очила за едното девојче и ќе се обезбеди основна покуќнина за нивниот дом.

Младинците имаат оргинална идеја да дојдат до посакуваната цел преку изработка и продажба на оригами. Тие исто така преку организирање на собирни акции, собирање на донации и анимирање на заедницата се стремат кон прибирање на потребните средства.

Со овој проект се набавија потребните диоптерски очила за девојчето, исто така се обезбедија и кревети за спиење, шифоњер, топли обувки и облека. И двете девојчиња од семејството зедоа активно учество во оригами работилницата и станаа активни волонтери во ОО Црвен Крст Охрид. За нив е обезбеден и бесплатен превоз до оригами клубот во текот на целата година, за тие да можат и понатаму да членуваат и да го посетуваат.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Афродита Адамова, Христијан Грозданоски, Игор Недески, Кристина Петроска, Марио Новески, Дени Зеко

Дисеминатор: Јованка Сион Доленц

## ООЦК Охрид

***Бои***

Целта на овој проект беше оплеменување на еден ѕид од ходник со површина од 25м2 кој се наоѓа во подрумскиот дел од едно основно училиште во кое учат деца со посебни потреби. Проектот исто така вклучува разубавување на просторијата во која престојуваат родителите додека нивните деца се на настава.

За таа цел младите волонтери организираат хуманитарна забава во кафе бар. Настанот го промовираат преку плакати и фејсбук и успеваат да продадат 98 влезници од кои се собрани 4600 денари. Средствата се искористени да се купат 14 кантички мрсна боја,2 разредувачи, валјак и т.н. Во оплеменување на ѕидот се вклучиле наставниците, учениците од ликовната секција и самите деца.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Климент Тодороски, Никола Белески, Христијан Грозданоски, Игор Недески, Афродита Адамова, Никола Боев, Никола Стојаноски, Ивана Мирческа, Даниел Здравевски

Дисеминатор: Јованка Сион-Доленд

## ООЦК Охрид

***Заедно сме посилни- со музика за подобро утре***

Целта на овој проект беше да се промовираат активностите на младите волонтери од ПХВ програмата на Црвениот крст во Охрид и да се изрази јавна благодарност на општествено одговорните компании и поединци кои се вклучиле во овие проекти во циклусот 2013/2014.

За запознавање на заедницата со овие активности младинците организираат голем хуманитарен музички концерт на кој настапиле повеќе изведувачи меѓу кои Ѓоко Таневски, Камелеон Бенд, Ансамбл Билјана (подмладок), хорот и оркестарот од едно средно училиште и други.

Овој настан бил медиумски покриен, а на него се доделени благодарници на сите компании и поединци кои се вклучиле во овие проекти.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Христијан Грозданоски, Никола Стојаноски, Ивана Мирчевска, Афродита Адамова, Климент Тодоровски, Никола Боев

Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

***Пица***

Целта на овој проект беше да се обезбеди електричен шпорет за една самохрана мајка и нејзините две малолетни деца.

За таа цел младите волонтери организираат изработка и продажба на новогодишни честитки и рамки за слики. Со овој проект младинците обезбедуваат 8000 денари со кои купуваат нов електричен шпорет за оваа самохрана мајка. Откако шпоретот е монтиран, волонтерите заедно со семејството подготвуваат пици и ги печат во него.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Емилија Наумоска, Весна Спасова, Анастасија Групчева, Александра Митреска

Дисеминатор: Јованка Сион-Доленд

## ООЦК Прилеп

### *Духот на хуманоста преку крос трка*

Целта на овој проект беше собирање на финансиски средства за помош на семејството на една самохрана мајка која живее во заедница со својата мајка и својот тринаесет годишен син кој има посебни потреби.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го реализираа овој проект организираат хуманитарна спортска крос трка на која учество зеле повеќе од 80 спортисти од Прилеп и од Скопје. Преку партиципацијата од учесниците на трката тие успеале да соберат 4000 денари, со кои потоа купиле правосмукалка, електрично решо и пакет со храна. Покрај ова тие организирале и собирна акција во облека и покуќнина и на тој начин обезбедиле и пакети со облека, како и еден тросед/кревет за семејството.

Оценет со: 5+

Изработиле: Ивица Трајкоски, Тајна Димитриоска, Мирјана Тодороска, Симона Костадиноска, Николче Димитријески

Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

***Од вљубените од срце......***

Целта на овој проект беше помош на едно четири члено семејство од Прилеп, кое е во тешка материјална состојба бидејќи ниту еден член од семејството не е во работен однос и единствен приход во семејството е минималната социјална помош која ја примаат.

Овие млади луѓе ја реализираа својата замисла на многу креативен начин. Организирале креативна работилница за подготовка на ролни со љубовни пораки и побарале донација во лижавчиња во различни форми од едно семејство кое изработува лижавчиња во нивниот град. Тие на 14 февруари организирале собирна акција за парични средства со штанд на плоштадот во нивниот град. Секој оној кој ќе донирал средства за возврат добивал ролна со скриена љубовна порака или лижавче. Со собраните средства биле направени пакети со храна и хигиена, кои потоа им биле донирани на семејството.

Оценет со: 5

Изработиле: Тајна Димитроска, Николче Димитриоски, Даниел Христоски

Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

***Хуманитарен спортски натпервар - Поттик за хуманоста***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно социјално загрозено семејство од Прилеп со донација на прехранбени и хигиенски производи.

За да ја реализираат оваа своја поставена цел, младинците кои го изработија овој проект организираат хуманитарен фудбалски турнир на кој учество зеле 10 екипи. Истиот бил реализиран со поддршка на Општинскиот сојуз на фудбалски судии. Секоја екипа плаќала одредена котизација и со средствата собрани на овој начин биле набавени пакети со храна и хигиена кои подоцна им биле донирани на семејството.

Оценет со: 5

Изработиле: Андреа Аврамоска, Кристијан Трпаноски, Даниел Христоски, Александар Јовчески, Стефани Петкоска, Сара Петкоска

Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

***Со магија и илузија до хуманост без граници***

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за помош на едно четиричлено семејство од Прилеп кое се наоѓа во тешка материјална состојба.

За да ја остварат оваа своја цел младинците стапиле во контакт со еден магионичар од Прилеп и организираат голема магионичарска претстава во нивното училиште. Со средствата собрани од влезниците за претставата младинците купиле чизми, виндјакни, блузи, фармерки и друга облека за семејството, како и пелени, училишен прибор и новогодишни пакетчиња за децата.

Оценет со : 4++

Изработиле: Симона Костадиноска, Мирјана Тодороска, Тајна Димитриоска, Ивица Трајкоски, Николче Димитријески

Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

***Добра забава со добри трикови***

Целта на овој проект беше дружење и забава со децата со посебни потреби, подобрување на нивното расположение и разбивање на монотонијата во нивното секојдневие. Целна група на овој проект беа децата со посебни потреби од ОУ Климент Охридски и дневниот центар Ѕуница во Прилеп.

За да ја остварат оваа своја поставена цел, младинците кои го реализираа овој проект приредиле едночасовна претстава со магионичарски трикови, со која ги развеселиле децата и ги направиле среќни.

Оценет со: 4+

Изработиле: Мирјана Тодороска, Симона Костадиноска, Ивица Трајкоски, Тајна Димитриоска, Николче Димитријески

Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Прилеп

### *Традицијата е еднаква за сите*

Целта на овој проект беше вклучување на децата со посебни потреби во изработка на маски за верскиот празник Прочка. Целна група на овој проект беа децата од дневниот центар за деца со посебни потреби Ѕуница од Прилеп.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го реализираа овој проект организирале креативна работилница за изработка на маски со децата од дневниот центар Ѕуница, во текот на која се дружеле, забавувале и успешно изработиле 23 маски, кои децата потоа ги носеле на одбележување на празникот Прочка.

Оценет со: 4

Изработиле: Даниел Христоски, Кристија Трпаноски, Сара Пекоска, Стефани Петкоска, Александар Јовчески, Андреа Аврамоска

Дисеминатор: Марко Чурлиноски

## ООЦК Пробиштип

### *Заедно можеме да спасиме живот*

Целта на овој проект беше собирање на парични средства со цел помагање на едно дваесет и седум годишно болно лице од Пробиштип, кому му беше неопходен втор оперативен зафат на бубрег.

За да ја остварат оваа своја цел младинците организираат хуманитарна забава во својот град. Собраните средства од забавата потоа биле уплатени за лекување на нивниот сограѓанин.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Марија Жудова, Ивана Алексова

Дисеминатор: Сузана Митковска

## ООЦК Пробиштип

### Биди и ти нечји повод за среќа

Целта на овој проект беше на мал, но симболичен начин да се придонесе за среќата на неколку семејства во ризик кои живеат на територија на општина Пробиштип, преку дарување на симболични божиќни пакетчиња.

За да ја остварат оваа своја замисла, младинците најнапред организираат креативна работилница за изработка на новогодишни честитки. Тие потоа поставуваат штанд на градскиот плоштад каде за симболична цена ги продавале овие честитки и делеле топли напитоци. Со собраните средства од овие активности тие набавиле продукти со кои подоцна сами ги изработиле божиќните пакетчиња, кои им ги поделиле на лицата кои ја посетувале народната кујна непосредно пред празниците.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Софија Стојановска, Стефанија Алексова, Мери Цветановска, Никола Беншов и Александар Бранковски

Дисеминатор: Сузана Митковска

# ООЦК Пробиштип

## *Подари цвеќе- измами насмевка*

Целта на овој проект била да се разубави денот на жената на пензионерките од Пробиштип и да им се помогне на пензионерите да изработат уникатни подароци за својата понежна половина.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изработуваа овој проект, организирале креативна работилница за изработка на цветови од хартија по повод 8-ми Март во пензионерскиот дом во Пробиштип. Тие изработиле цветови од хартија за пензионерките и на овој начин им го честитале празникот на оригинален начин, а на пензионерите им помогнале да научат како да направат цветови за своите партнерки.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Елена Митковска, Диана Костадинова, Јована Божинова, Мери Цветановска и Софија Стојановска

Дисеминатор: Сузана Митковска

# ООЦК Пробиштип

## *Со топла напивка до хумани дела*

Целта на овој прект била да се соберат средства за помош при лекување на едно малолетно девојче од Пробиштип кое боледува од леукемија.

За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците кои го

изработуваа овој проект одлучиле да организираат собирна акција на 28 јануари (православен празник св. Гаврил Лесновски) на локалитетот Лесново, кој на овој ден е посетуван од многу граѓани на Пробиштип, како и лица од други градови. За да ја остварат оваа цел тие добиле помош и поддршка од општината која им обезбедила превоз и топол чај за акцијата. Собраните средства од оваа акција потоа биле уплатени за лекување на девојчето.

Оценет со фаза: 4-

Изработиле: Сара Милојчевска и Ивана Стојановска

Дисеминатор: Сузана Митковска

## ООЦК Пробиштип

***Од срце за срце***

Целта на овој проект било да се помогне на мајката на еден нивен соученик која неодамна доживеала мозочен удар после кој останала оневозможена да работи, а со тоа нејзиното семејство останало без редовна финансиска поддршка.

За да ја остварат оваа своја цел младинците организираат хуманитарна забава во нивниот град. Собраните средства биле потоа уплатени на сметка.

Оценет со фаза: 4-

Изработиле: Елена Митковска, Софија Стојановска, Мери Цветановска, Стефанија Алексова, Андреј Стојановски и Ангел Митев

Дисеминатор: Сузана Митковска

## ООЦК  Радовиш

### Мала помош значи живот

Младинците со овој проект си поставија за цел да соберат средства за операцијата за тумор на мозок на една млада жена, мајка, сопруга, ќерка, сестра и со тоа да помогнат едно семејство да остане цело. Дополнителен мотив да се помогне на оваа млада жена е фактот што никој од семејството не е вработен.

Двајцата младинци успеваат да ја анимираат целата заедница да дознае за проблемот и организираат  театарска претстава, хуманитарна манифестација и собирни акции од фирми.

Со овој проект младинците за потребната операција собираат 140.000 денари кои и тоа како се од помош за младата жена

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле:      Даниела Коцева и Столе Тушев

Дисеминатор:    Милка Коцева

## ООЦК Радовиш

### Леб и Љубов

Целта на овој проект беше помош на едно шест члено  семејство во ризик од Радовиш, во кое и двајцата родители се невработени, а имаат четири малолетни деца.

За да ја остварат оваа своја цел младинците кои го изработиле овој

проект одлучиле да подготват драма која потоа ја извеле во три училишта во три околни села. Со средствата собрани од продажбата на влезниците тие потоа купиле трпезариска маса и 6 столици, додека пак преку спроведените собирни акции тие обезбедиле два пакети облека за децата и еден половен компјутер.

Оценет со: 5+

Изработиле: Даниела Коцева, Столе Тушев, Христина Берлинчич, Маријана Коцева

Дисеминатор: Милка Коцева

## ООЦК Радовиш

***Да помогнеме - Можеме и ние***

Целта на овој проект беше дружење и забава со децата со интелектуална попреченост од дневниот центар Порака од Радовиш и разубавување на нивното секојдневие.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците организираат неколку креативни работилници за изработка на честитки, предмети од глина и хартиени цветови и срциња. Една локална книжарница била донатор на материјалите потребни за креативните работилници, а изработените предмети биле потоа продавани по симболична цена. Собраните средства биле потоа донирани на центарот Порака, за набавка на сите потребни нашта за работата на истиот.

Оценет со: 4+

Изработиле: Емилија Ристова, Зорица Јанакиева, Никола Цеков, Сатка Наазимова, Марија Здравева

Дисеминатор: Милка Коцева

## ООЦК Радовиш

***Мала помош, многу значи***

Целта на овој проект беше помош на еден постар брачен пар од Радовиш.

За да ја остварат оваа своја поставена цел, младинците кои го реализираа овој проект огранизирале собирни акции на финансиски средства, храна и облека во нивниот град. Со сите собрани средства тие подготвиле два пакета со храна и облека и ги донирале на овој брачен пар.

Оценет со: 4

Изработиле: Драгана Новоселска, Менче Ефтимова, Глорија Трајкова, Кире Ефремов, Весна Атанасова.

Дисеминатор: Милка Коцева

## ООЦК Ресен

***Биди сега***

Целта на овој проект беше да се обезбеди ладилник за едно семејство во ризик од Ресен, во кое еден од членовите е под инсулинска терапија.

За да ја остварат својата цел, младите решиле да направат стенд ап шоу на кое настапил еден нивен пријател и волонтер од една соседна ООЦК. Тие исто така побарале помош од нивните млади креативни сограѓани кои изработиле мечиња кои по стен ап шоуто биле продавани по симболична цена. Со собраните средства бил набавен ладилник, кој потоа му бил дониран на семејството.

Оценет со: 5++

Изработиле: Маја Наумовска, Билјана Петревска, Марија Србиновска, Марија Тановска, Сара Младеновска, Емилија Котевска и Цвете Тосковска.

Дисеминатор: Аница Радевска

## ООЦК Ресен

### Згапчи љубов, подари среќа

Целта на овој проект беше помош на еден самохран татко од Радовиш, и неговите две малолетни деца.

За да ја остварат оваа своја поставена цел, младинците организираат креативна работилница за изработка на ракотворби и пакетчиња за празникот св. Валентајн. На 14. 02 тие овие свои изработки ги продавале во своите училишта и со собраните средства од оваа акција успеале да купат камин печка која потоа ја донирале на семејството.

Оценет со: 5+

Изработиле: Елвира Ранали, Цветанка Думовска, Даница

Георгиевска, Кристијан Лазаровски, Дивна Стефановска, Михајло Димовски, Марија Јосифовска и Симона Настевска

Дисеминатор: Аница Радевска

## ООЦК Ресен

### *Мали работи со голема љубов*

Целта на овој проект била дружење и забава со лицата од дневниот центар за лица со посебни потреби во Ресен, како и подготовка на подароци за светскиот ден на лицата со посебни потреби и Нова Година. Целна група на овој проект биле седум лица со посебни потреби кои секојдневно го посетувале овој дневен центар.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го реализирале овој проект организираат хуманитарна забава во својот град. Со средствата собрани од оваа активност тие купиле подароци и новогодишни пакетчиња за лицата со посебни потреби кои им ги подариле на мала пригодна свеченост непосредно пред Новата година.

Оценет со: 4+

Изработиле: Марија Србиновска, Билјана Петревска, Зорица Нонковска, Антонио Џаков и Маја Наумовска

Дисеминатор: Аница Радевска

## ООЦК Ресен

***Ателје на хуманоста***

Целта на овој проект била да се оствари сонот на едно девојче со пречки во развојот кое има голема дарба за уметност, да го покаже својот талент учествувајќи на изложба.

За да ја остварат оваа своја замисла, младинците најнапред побарале донации од локалните книжарници во форма на материјали за цртање. Тие исто така добиле поддршка и од една повозрасна ликовна уметница која на девојчето и одржа 10 часови за цртање и усовршување на цртачките техники. На овој начин таа создала 12 уметнички дела што било доволно за учество на следната изложба на родокрајни уметници во нивниот град.

Оценет со: 4

Изработиле: Зорица Нонковска,Марија Митревска, Зоран Лазаревски, Емилија Димовска

Дисеминатор: Аница Радевска

## ООЦК Св. Николе

***Се грижиме за топол дом***

Целта на овој проект беше помош на едно деветчлено семејство од Св. Николе преку подобрување на условите за живот со донирање на домашен инвентар, прехранбени продукти, облека и дружење со помладите членови од семејството.

За да ја остварат оваа цел, младинците организираат голема хуманитарна забава во еден кафе бар во својот град, а исто така

спровеле и собирна акција за собирање на парични средства на неколку прометни места во градот. Со собраните средства тие набавиле кревет за спиење, шпорет за греење, мало креветче за бебе, прехранбени производи и хигиенски производи и ги донирале на семејството.

Оценет со фаза 5+

Изработиле: Кирил Јосев, Ивана Марковска, Сара Стаева, Зорица Ордева, Марија Цветкова, Благој Мицев, Ангела Здравкова, Горан Поцков и Никола Митев.

Дисеминатор: Ангел Андроников

## ООЦК Св. Николе

***Бесплатни прегратки***

Целта на овој проект беше да се пренесе позитивна енергија и да се измами насмевка на лицата на граѓаните на Св. Николе и да се разубави еден нивен ноемвриски ден.

За да ја остварат оваа своја цел младинците организираат дванаесетдневна акција “Бесплатни прегратки” во текот на која поделени во групи се гушкале со случајните минувачи на неколку прометни места во градот.

Оценет со фаза 5

Изработиле: Владимир Јакимовски, Милан Јорданив, Михаела Накева, Ајлин Јашарова, Бојана Михајлова, Ана Ефтимова и Кристина Накова

Дисеминатор: Ангел Андроников

## ООЦК Св. Николе

### *Еден проблем помалку*

Целта на овој проект беше помош на едно семејство од с. Лозово во кое дел од членовите се со пречки во развојот и живеат во полу разрушена куќа во која постои опасност секој момент да се сруши и да им ги загрози животите.

За да му помогнат на ова семејство, младинците го поканиле драмскиот театар од Штип да изведе една хуманитарна претстава во нивниот град, што со задоволство било прифатено. Покрај хуманитарната претстава, младинците организирале и собирна акција на парични средства помеѓу граѓаните на нивниот град и поголемите фирми. Со средствата од собирната акција и хуманитарната претстава тие потоа набавиле градежен материјал за поправка на домот на семејството, а исто така обезбедиле и бесплатна работна рака.

Оценет со фаза 5

Изработиле: Ивана Арсова, Михаела Накева, Ајлин Јашарова и Милан Јорданов

Дисеминатор: Ангел Андроников

## ООЦК Св. Николе

### *На човекот му треба љубов*

Целта на овој проект беше промена на секојдневието на лицата со посебни потреби во Св. Николе, да им се овозможи да слушнат

одбрана поезија и да посетат ликовна галерија заедно со младите надежни уметници од основните училишта во Свети Николе.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците решиле да организираат презентација на ликовни и литературни творби и во соработка со Црвен крст Свети Николе и училиштата распишале конкурс на тема "На човекот му треба љубов". Во рок од две недели литературните и уметничките дела пристигнувале на адресата на Црвениот крст. На пригодна манифестација која ја организирале во нивниот град биле презентирани сите подготвени дела во просториите на дневниот центар за лица со посебни потреби, на која се доделиле благодарници за учесниците и се дружеле со штитениците на центарот.

Оценет со фаза 4++

Изработиле: Милан Јорданов, Михаела Накева, Ајлин Јашарова, Кристина Накова, Ана Ефтимова, Бојана Михајлова, Владимир Јакимовски и Дори Цветкова

Дисеминатор: Ангел Андроников

## ООЦК Св. Николе

### *Подај рака*

Целта на овој проект беше овозможување на потопла зима на дваесет семејства во ризик од с. Амзабегово, преку обезбедување на облека, чевли и играчки.

За да ја остварат оваа цел, младинците кои го изработуваа овој

проект организираат собирна акција за облека, обувки и играчки во нивниот град. Собраните проезводи потоа соодветно ги спакувале и ги донирале на семејствата.

Оценет со фаза 4-

Изработиле: Кристина Накова, Ајлин Јашарова, Михаела Накева и Милан Јорданов.

Дисеминатор: Ангел Андроников

## ООЦК Св. Николе

### *Со топло срце до среќна старост*

Целта на овој проект беше собирање на средства за купување на шпорет на дрва, кој би служел за готвење и затоплување на домот на еден постар брачен пар од нивниот град, кои ја загубиле својата куќа во пожар во 2012 година.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците организираат собирна акција за собирање на парични средства за помош на овој брачен пар. Со собраните средства тие потоа купиле шпорет на дрва и околу еден кубик дрва за огрев. Исто така тие од Црвен крст однеле и пакет со храна, облека и 2 ќебиња.

Оценет со фаза 4+

Изработиле: Стефанија Стојанова, Стефан Коцев, Емилија Марковска, Душица Трајчева, Мариана Гилева, Симеон Христовски, Мери Јованчева и Стефанија Петрова

Дисеминатор: Ангел Андроников

## ООЦК  Струга

***Никој не станал сиромав давајќи***

Овој проект имаше за цел да ги подобри  условите за  животот на едно семејство, да обезбеди покуќнина, и да се постави под и плочки во тоалетот.

За остварување на целта, младинците организираат хуманитарна забава и собирни акции.

Со овој проект се обезбедени 60 000 денари кои се искористени за купување на ламинат, плочки, мебел и за реновирање на тоалетот.

Оценет со фаза: 5++ сонце

Изработиле: Ерјона Даути, Илиријан Асани, Арбнора Ќерими, Фјола Шеху, Адиса Лебити, Бесник Зиба.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

***Заедно да и ја оствариме желбата на едно малечко девојче и да и помогнеме да го види светот како и ние***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно малечко девојче преку собирање на средства потребни за нови леќи, преглед и превоз до Белгија.

За да помогнат на детето, младинците кои го изработуваа овој проект организираат цела низа активности. Најпрво тие спровеле

неколку собирни акции за парични средства во нивниот град. Во соработка со една локална градинка организирале креативна работилница за изработка на новогодишни честитки кои потоа ги продавале низ градот. Покрај ова тие организирале низа хуманитарни забави во неколку локални кафе барови. Организирале и хуманитарна претстава "Црвенкапа" наменета за најмладите граѓани во која глумеле новите членови на Црвениот крст во нивниот град. Преку сите овие активности тие успеале да соберат сума од 67 700 денари кои потоа ги донирале на семејството за лекување на нивната ќерка.

Оценет со фаза 5+

Изработиле: Елена Маркоска, Васко Маркоски, Елеонора Наумоска, Емилија Секулоска, Бесник Зиба и Тодор Јанкулоски

Дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК Струга

### Подари насмевка

Уредувањето на просторијата во училиштето "Браќа Миладиновци" наменета за децата со интелектуална попреченост беше целта на овој проект. За истата младите успееа да соберат 2.600 денари преку донации, а потоа нацртаа ѕиден графит, купија новогодишни украси како и школски прибор, трансформирајќи ја просторијата на поудобно и поинтересно катче за децата.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Флорина Зубери, Арбенита Даути, Рудина Даути,

Анди Зубери, Мелиса Крека, Јехона Мустафа.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

### *Целта е да не престанеме да бидеме добри*

За лицето кое е целна група на овој проект, колата беше единствениот извор на неопходните средства за опстанок, но за жал истата беше оштетна. Затоа младите, како што повикува и самото име на проектот, преку донациите на добрите луѓе, успеаа да соберат 10.580 денари со кои купиле амортизери и горно рамо за колата.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Амиде Исаку, Елиза Бајрами, Диелза Газафери, Дрилон Ибраими, Валдрин Жута.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

### *И болните заслужуваат цвеќе*

Токму на нивниот ден, 8-ми Март, младите им укажаа внимание на жените во интерната болница во Струга. За оваа намена со собрани 2000 денари кои беа искористени да се набави цвеќе кое беше подарено беа подадени на дамите, во знак на благодарност и внимание, како и поддршка кон нивната состојба.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Адиса Лебити, Анилја Сулејмани, Лирјан Асани, Бејадин Селими, Ерзана Таири, Арбијон Арифи, Ардит Хани.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

***Дарувај светлина некому кој е во темнина***

Младите кои го изработија овој проект готвеле храна, потоа ја продавале во училиште и собрале 6000 денари. Со тие пари купиле пакетчиња за Нова година, играчки и украси, како и се погрижиле децата со посебни потреби, за кои и беа наменети пакетите, да ги анимира и Дедо Мраз.

Оценет со фаза: 4+

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

Изработиле: Тулант Положани, Ерјон Хусеини, Ерзана Таири, Доника Шеху, Седа Волина, Самет Лебити.

## ООЦК Струга

***Најверниот пријател на човекот***

Целта на овој проект беше да се нахранат кучињата скитници, да се прочистат од глисти и да се спречи вошливоста кај нив. Овие кучиња често пати заболуваат од разни зарази и паразити кои можат да се пренесат и на човекот.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците во соработка со здружението за заштита на уличните кучиња во нивниот град, спровеле низа активности за помош на овие животни.

Оценет со фаза 4

Изработиле: Васко Маркоски и Емилија Секулоска

дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК Струга

### *Кампања против пушење*

Целта на овој проект беше сензибилизирањето на граѓаните на Струга дека пушењето е штетно по здравјето. Тоа беше направено преку делење на пароли кои повикуваа на здрави животни навики, особено кај младата популација.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Ерзана Ќерими, Алберт Ибраими, Алба Положани, Ерјон Хусеини, Арбион Арифи, Аделина Исмаили

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

### *Иднината им припаѓа на тие кои се истрајни*

Организирањето на топол ручек за сите бездомници на струшките улици, не само што ги зближи нив меѓусебно, туку исто така ја даде пораката дека добрината и дарежливоста се уште се

карактеристики на нашето општество.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Флактрим Жута, Арбнора Ќерими, Рудина Даути, Албион Каба, Ерзана Ќерими, Арбијон Арифи.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

***Да му помогнеме на нашето ромско другарче***

Целта на овој проект беше едукација на децата од ромска популација.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го изготвија овој проект организираа низа предавања и обуки за 10 деца од ромска популација во нивниот град. Тие организираа предавања на теми основање на семејство, борба против наркоманија и алкохолизам, одржување на лична хигиена, борба против трговија со луѓе, сексуално преносливи болести и контрацепција. Покрај ова, тие организираат и часови за описменување во текот на кои им помагале на децата да ги совладаат техниките на читање и пишување.

Оценет со фаза 4

Изработиле: Александра Несторoска, Иван Парталоски, Стефан Тодев, Јана Наумоска, Кристина Алексиеска и Мартин Димоски

Дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК Струга

### *Кажи Не на СИДА-та*

Знаејќи дека темите за сексуалното здравје и репродуктивност во нивното општество се се уште табу теми, младите стружани организираа врсничка едукација во средното училиште, токму за превенција од СИДА-та.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Сидорела Крека, Ерзана Ќерими, Ерјона Даути, Таулант Положани, Ајсер Крека, Фатјона Истрфи.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

### *Малку внимание секому би му годело*

Целта на овој проект беше помош на 19 годишно момче од едно струшко село кое има церебрална парализа и доаѓа од социјално загрозено семејство.

За да ја остварат оваа цел, младинците организираат собирна акција на парични средства во нивниот град. Со собраните средства од акцијата тие потоа купиле пакет со прехранбени производи и една блуза и ги донирале на семејството на овој млад човек.

Оценет со фаза 4-

Изработиле: Марија Уцман, Елена Шулеска, Даниела Костојчиноска и Елена Гагалеска

Дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК Струга

### *Моето школско другарче*

Целта на овој проект беше помош на едно девојче од ромска националност чие што семејство се наоѓа во тешка материјална состојба.

За да ја остварат оваа своја цел, младинците организирале собирна акција за собирање на парични средства и стара облека. Со собраните средства тие направиле пакет прехранбени производи и заедно со собраната облека ги донирале на семејството на девојчето.

Оценет со фаза 4-

Изработиле: Ивана Блажеска и Тодор Јанкулоски

Дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК Струга

### Кога помагаш носиш светло во срцето, убавина на лицето и љубов во срцата на сите

Во селото Ладоришт, две семејства живеат во тешки услови и сиромаштија. За нив се погрижија младите волонтери, кои преку собирни акции обезбедија пакети со прехрамбени производи за двете семејства, во вредност од 7.000 денари.

Оценет со фаза 4-

Изработиле: Арбијон Арифи, Дрилон Ибраими, Албион Каба, Мендухије Шеј, Јета Ајдари, Брикена Винца, Аделина Исмаили.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

### *Никогаш не ја губи надежта, утрината е изненадување*

И од скромните собирни акции можат да се направат добротворни проекти. Со 176 денари од собирната акција, младите им донираа на децата со интелектуално попреченост тетраки и пенкала.

Оценет со фаза: 4-

Изработиле: Валдрин Лога, Адиса Шемшири, Блеона Истрефи,, Едлира Беќири, Анила Сулејмани, Адиса Лебити.

Дисеминатор: Кендиме Мехмеди

## ООЦК Струга

### *Средства за подобар живот*

Целта на овој проект беше помош на лицата од ромска националност од Струга преку донација на облека.

За да ја остварат оваа поставена цел, младинците кои го изработија овој проект организираа собирна акција на стара

облека во нивниот град, која потоа ја спакувале и ја донирале на неколку ромски семејства од Струга.

Оценет со фаза 4-

Изработиле: Ивана Блажевска, Тодор Јанкулоски, Елеонора Наумоска, Александра Нестороска и Елена Мечкароска.

Дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК Струга

### *Секоја жена заслужува да добие почит на нејзиниот ден*

Целта на овој проект беше укажување на мало внимание на денот на жената на пациентките кои лежат на одделението за дијализа во болницата во Струга.

За да ја остварат оваа своја цел младинците најнапред побарале донации од неколку локални цвеќари во форма на цвеќиња, кои потоа на 8-ми март ги поделиле на пациентките кои тој ден лежеле на одделението за дијализа.

Оценет со фаза 4-

Изработиле: Ивана Блажеска и Васко Маркоски

Дисеминатор: Кристина Блажевска и Божин Шаревски

## ООЦК  Струмица

***Со една песна, игра и смеа, чекор кон подобар живот***

Младинците со овој проект си поставија за цел да изградат пристапни рампи на прометни места низ улиците на градот Струмица за лицата со телесен инвалидитет во колички, како  и за мајките со своите бебиња во колички, обновување на сигнализацијата на паркинг местата за инвалидни лица и спуштање на тротоари.

Младите за остварување на својата цел организираа талент шоу и собраа вкупно 14.000 денари со кои се овозможи изградба на рампите,  се обнови сигнализацијата и се спуштија тротоарите.

Оценет со фаза: 5 сонце

Изработиле: Елизабета Колева, Нетче Томова, Маријана Ступар, Магдалена Стојанова, Костадинка Чангулска

Дисеминатор: Заге Каменчева

## ООЦК Струмица

***Измами бакнеж со љубовна порака***

Целта на овој проект била дружење и донирање на логички игри за развивање на моториката на децата со посебни потреби од здружението на лица со интелектуална попреченост Порака, во кое три пати неделно се среќаваат деца со различен вид на интелектуална попреченост, како  и децата со аутизам до Струмица.

За да ја остварат оваа своја цел младите најнапред организираат креативна работилница за изработка на честитки и љубовни пораки по повод денот на вљубените, кои потоа ги продавале во својот град. Со собраните средства, како и преку спозорства добиени од нивните локални книжарници, тие набавиле логички игри и на пригодна средба ги донирале во центарот.

Оценет со фаза 5++

Изработиле: Елена Китанова, Виолета Пановска, Милица Миова, Ѓурѓица Нецева, Деан Трендов и Симона Миланова.

Дисеминатор: Заге Каменчева

## ООЦК Струмица

***Наши деца, наш успех***

Целта на овој проект беше социјализација и едукација на неколку деца на возраст од 7 до 13 години, кои се деца на самохрани мајки, жртви на семејно насилство.

За да ја остварат оваа цел, тие организирале работилници и додатни часови за помош при совладувањето на училишниот материјал по неколку предмети, меѓу кои англиски и математика. Покрај ова, младите волонтери организирале и креативна работилница за изработка на чоколади, мартинки и пораки, кои потоа ги продавале на прометни места во градот. Со собраните средства набавиле прирачници по англиски јазик и математика, едукативни книги и симболични подароци за нивните мајки по

повод 8-ми март. Преку овие активности младинците допринеле во подобрувањето на начинот на однесување, изразување и размислување кај овие деца, како и подобрување на општиот успех на училиште.

Оценет со фаза 5++

Изработиле: Анастасија Џорлева, Танкица Стојанова, Љубица Гошева и Димитар Мечев

Дисеминатор: Заге Каменчева

## ООЦК Срумица

***Нови постелнини за детското одделение***

Целта на овој проект беше обезбедување на нови постелнини за детското одделение при ЈЗУ Општа Болница Срумица.

За да ја остварат оваа своја цел младите кои го изработија овој проект организираат двочасовна стенд ап комедија со комичар од нивниот град. Со собраните средства од влезниците за овој настан потоа биле набавени нови детски постелнини кои биле донирани на детското одделение на Општата Болница во Струмица.

Оценет со фаза 5

Изработиле: Дејан Трендов, Милица Миова, Елена Китанова, Татјана Гоцева, Симона Миланова и Гургица Нецева

Дисеминатор: Заге Каменчева

## ООЦК Тетово

***Да му помогнеме***

Целта на овој проект беше да се обезбедат средства кои ќе ги покријат трошоците за сместување и исхрана на еден студент во студентскиот дом во Битола. Овој студент потекнува од семејство во ризик со двајца невработени родители, а самиот работи како наемен работник. За таа цел, младинците организираат ТВ-шоу во кое биле вклучени сите средни училишта од Тетово. Ова ТВ-шоу се изведувало на македонски, турски, ромски и албански јазик.

Со овој проект се обезбедени 3500 денари кои се уплатени на жиро-сметка на Студентскиот дом во Битола и ќе покријат дел од трошоците за сместување.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Аделина Рамадани, Елмедина Рамадани, Александра Симјановска, Драгица Трпковска, Јован Трпковски, Чедомир Костовски, Бојан Маџовски, Зоран Василковски, Марија Трпковска, Кристина Којиќ, Владимир Томиќ

Дисеминатор: Перовска Маја

## ООЦК Тетово

**Со игра да помогнеме**

Целта на овој проект беше да се помогне на Здружението на лица заболени од целебрална парализа во Тетово.

За таа цел младинците организираат хуманитарни спортски натпревари во мал фудбал и одбојка на кои учествуваат неколку средни училишта. На натпреварот во фудбал учество земале 12 екипи, додека на натпреварот во одбојка учество земале 4 екипи.

Со овој проект од котизација за натпреварите се собрани 6000 денари, а од влезниците за натпреварите 1500 денари и со истите тие се купени таблет, вода и освежителни сокови.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Марија Трпкоска, Христина Којиќ, Драгица Трпкоска, Стефани Најдоска, Јован Трпкоски, Чедомир Костовски, Александар Ѓорѓиевски

Дисеминатор: Перовска Маја

## ООЦК Тетово

### *Да споделиме радост*

Целта на овој проект беше да се помогне на децата со посебни потреби кои учат во посебна паралелка во едно основно училиште во Тетово. За таа цел, младинците организираат ликовна работилница и собирна акција.

Со овој проект се собрани 5712 денари и истите се искористени да се купат топ бела хартија, топ хартија во боја, лепак, боички, фломастери, основен прибор за работа, енциклопедии и производи за коктелот. Децата од оваа паралелка исто така се дружеа и забавуваа благодарение на овој проект.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Драгица Трпкоска, Јован Трпкоски, Стефани Најдоска, Симона Копривњак, Марија Трпкоска, Христина Којиќ, Моника Михајловска, Антонио Антовски, Зоран Василевски, Чедомир Костовски, Ивана Мановска

Дисеминатор: Перовска Маја

## ООЦК Тетово

### *Не сте сами*

Целта на овој проект беше меѓусебно дружење на слепите лица, глувонемите лица, трудовите и телесните инвалиди од општина Тетово со средношколците преку игра и забава.

За таа цел, младите волонтери организираат турнир во шах на кој учествувале по 4 преставници од секоја група (слепи лица, глувонеми лица, телесни инвалиди, трудови инвалиди и средношколци). Волонтерите собраа 1500 денари со кои за учесниците бил организиран мал коктел.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Симона Копривњак, Антонио Антовски, Моника Михајловска, Чедомир Костовски, Зоран Василковски

Дисеминатор: Перовска Маја

## ООЦК Центар

### Да спортуваме и да бидеме хумани

Целта на овој проект е да се помогне на една самохрана мајка

со хендикеп и нејзината ќерка кои се лица во ризик.

Младинците за остварување на целта организирале собирна акција, хуманитарен турнир во мал фудбал и креативна собирна акција.

Вкупно се собрани 12.976 денари со кои е купена машина за перење алишта, пакет со храна, а останатите средства ова семејство ќе може да ги користи во наредните пет месеци во прехранбени и хигиенски производи. Исто така донирана е и правосмукалка и пижами.

Оценет со фаза: 5++ сонце

Изработиле: Елена Николова и Јован Богдановски

Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

### Прва помош-Спаси се себе, спаси го другиот

Со овој проект младите волонтери си поставуваат за цел да ја подигнат свесноста за значењето на Првата помош, како и да постават кутии за прва помош во ОУ „Кирил и Методиј“-Скопје.

За остварување на оваа цел, младинците преку собирни акции и донации и преку продажба на креативни изработки собираат средства со кои потоа ги изработуваат кутиите за прва помош.

Со овој проект младинците изработуваат и поставуваат 15 кутии за прва помош во училиштето, а за наставниот кадар обезбедуваат

и обука за Прва помош. Дополнителна придобивка е што на децата од рана возраст ќе им се вреже потребата од кутија за прва помош и нејзината намена.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Јелена Владановиќ и Даница Ѓуровска

Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

***Среќа е да... си хуман***

Целта на овој проект беше да се помогне на една осамена жена во поодминати години која е лице во ризик.

За таа цел, младите волонтери изработуваат мартинки, организираат претстава, кино проекција... Со овие активности вкупно собираат 13.000 денари со кои се платени сметките за вода и струја, а останатите 2500 денари ќе бидат искористени жената да добива храна и хигиена во наредниот период.

Оценет со фаза: 5++

Изработиле: Теодора Ѓорѓиева, Благица Смилкова, Лина Даневска, Андреј Гигов, Мишела Постолова

Дисеминатор: Софија Стојановска

# ООЦК Центар

***Со музика до хуманост***

Целта на овој проект беше да се купат плочки за едно училиште за рехабилитација и образование.

Младите волонтери за таа цел организираат концерт од кој собираат 9000 денари и собирна акција за храна и млеко кои се наменети за учениците сместени во ученичкиот дом. Со собраните 9000 денари се купени плочки и лепак, а учениците од градежната струка се задолжени за нивно поставување со што ги вежбаат и нивните вештини.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Фросина Пепоска, Тамара Трендафиловска, Филип Пепоски

Дисеминатор: Софија Стојановска

# ООЦК Центар

***Ноќ на беседите***

Целта на овој проект беше да се помогне на децата-штитеници од Центарот за рехабилитација на слух, говор и глас.

Младите волонтери доаѓаат до оргинална идеја да ја реализираат својата цел преку организиција на ораторска вечер. Со оваа идеја и реализација, младинците собираат 12.720 денари кои се искористени да се купат играчки, столчиња, куклен театар и

други мултифункционални забавни содржини за потребите на овие деца.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Борјан Топуковски, Жанета Богоеска, Азра Еминовиќ, Ненад Вичентиќ

Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

***Ораторите пеат, ораторите помагаат***

Целта на овој проект беше да се помогне на дом за деца и младинци со воспитно-социјални проблеми.

За таа цел младите волонтери од ООЦК Центар кои се воедно и членови на Клубот на оратори организираат хуманитарна забава и две хуманитарни акции со кои се собрани 5161 денар и се искористени да се купат 27 постелнини наменети за штитениците на Домот.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Павел Донески, Милена Спасовска, Ивана Ристевска, Јована Ристевска

Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

***Со љубов и хуманост до подобар живот***

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на едно семејство во ризик со дете со аутизам и со минимални приходи.

Преку собирна акција младинците собираат 6300 денари, со кои се купени два пакети пелени, а со остатокот од парите ќе се набавуваат пакети со храна и основни средства за хигиена.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Поповска Ена, Василевска Тамара, Камењарска Леа, Кацарска Искра

Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Чаир

**Сите сме еднакви и имаме потреба за помош еден на друг**

Младинците со овој проект иницирале реновирање на дневниот центар за лица со посебни потреби „ Надеж“.

За остварување на оваа цел, младите организираат собирна акција.

Овој проект резултира со собрани 13.700 денари кои се искористени за да се сервисираат сите комјутери во центарот, а со остатокот се купени канцелариски материјали е организирана и еднодневна екскурзија на Шапка.

Оценет со фаза: 5+ сонце

Изработиле: Ермал Каја, Ардит Шехи, Фламур Хамиди, Фјола Мехмед, Шаша Шаќири

Дисеминатор: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### Помош за едно семејство

Целта на овој проект беше да се помогне на едно трочлено семејство кое имаше потреба од покуќнина, кујнски садови, затоплување, услови за перење и бањање. Мајката во семејството е почината, а со тоа е прекината и нејзината пензија, а тоа што таткото е невработен ги усложнува работите уште повеќе.

Младинците поради ова организираат собирна акција за безмалку целосно да го опремат ентериерот во нивниот дом.

Ангажманот на младинците во овој проект резултираше со набавка на тепих, јоргани, ќебиња, постелнина за целото семејство, телевизор, покуќнина, чаши, тави, саат, облека за сите од семејството, греалка, поправка на стариот бојлер, инсталација на нова чешма во купатилото, средства за хигиена. Младинците исто така успеале да најдат вработување за таткото на во семејството.

Оценет со фаза: 5 сонце

Изработиле: Хана Адеми, Ајла Идар , Донарт Бајрами, Хурије Фејзулова, Аладин Муртези

Дисеминатор: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

# ООЦК Чаир

## *Нова надеж*

Целта на овој проект беше помош на едно младо момче од Скопје, соученик на младинците кои го изработија проектот, кој потекнува од семејство во ризик.

За да ја остварат оваа цел младинците организираат собирна акција во нивната заедница. Покрај ова тие организираат и креативна работилница за изработка на мартинки кои подоцна ги продаваат на изложбен штанд. Со собраните средства од овие активности младинците купуваат кревет, 2 перници, крпи, постелнини, јорган, летно ќебе, пижами, тренерки, ранец, училишен прибор, патики и несесер и ги донираат на својот соученик.

Оценет со фаза 5++

Изработиле: Алиса Шаботиќ, Берина Чуљевиќ, Радмила Кириќ.

Дисеминатор: Мартина Павличкова

# ООЦК Чаир

## *Ден на љубовта, ден на хуманоста*

Целта на овој проект беше набавка на апарат за мерење на притисок за дневниот центар за стари лица при ООЦК Чаир.

За да ја остварат оваа цел младинците организираат продажен штанд за Св. Валентин на кој продаваат лижавчиња во форма на

срце и љубовни пораки кои сами рачно ги пишувале. Со собраните средства од оваа акција тие набавиле живин апарат за мерење на притисок и го донирале во центарот за стари лица при нивната ООЦК.

Оценет со фаза 5+

Изработиле: Александра Лошковска и Ирена Барџовска

Дисеминатор: Кренар Хоџа и Мартина Павличковска

## ООЦК Чаир

### Младината делува

Со цел за проактивна младина, волонтерите го основаа Клубот на млади на Црвен крст во СУГС “Зеф Луш Марку“, каде ќе се одвиваат многубројни активности кои ја опфаќаат работата со млади.

Оценет со фаза: 5+

Дисеминатор: Кренар Хоџа, Мартина Павличкова

Изработиле: Арта Ќерими, Амир Тхачи, Арлинда Ајдини, Аулона Река.

## ООЦК Чаир

### *Да ги срушиме разликите помеѓу нас*

Поттикнати од мултикултурализмот кој преовладува во Чаир оваа група на млади организираа работилници, една наменета за

50 ученици и другата за 60 средношколци токму за да научат повеќе едни од други преку интерактивни вежби. Потоа реализиран бил и хуманитарен концерт токму на оваа тема, од кој собрале 15.000 денари. Парите гиނамениле за училишна опрема за децата од Домот за деца и млади со воспитно социјално проблеми 25-ти Мај.

Оценет со фаза: 5+

Изработиле: Брикена Хоџа, Дијана Мифтари, Едон Укшини, Ерхан Укшини, Александра Лошковска, Ирена Барџовска, Бардх Граинца

Дисеминатор: Кренар Хоџа, Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Реновирање на спортското игралиште во училишниот двор*

Целта на овој проект беше обезбедување на подобри услови за одржување на наставата по физичко и здравствено образование. Младинците кои го изработувале овој проект заклучиле дека подобри услови би се постигнале со обезбедување на сите потребни реквизити за одвивање на спортските активности, како и со обновување на спортското игралиште во рамките на нивното училиште.

За да ја остварат оваа цел тие спровеле собирна акција за собирање на парични средства во нивното училиште. Со собраните средства тие потоа набавиле 4 топки за кошарка, 3 за фудбал, 1 за одбојка, 2 за ракомет и 1 за рагби. Тие исто така набавиле и бои и четки со кои потоа сами ги обновиле линиите на училишното

спортски игралиште, поставиле нови кошови и голови, со што општите услови за спортска рекреација во нивното училиште се подобриле.

Оценет со фаза 5+

Изработиле: Бајра Бакиќ, Валентина Тончевска, Зулејха Џамзиќ, Елмедина Идризи, Ајла Хасиќ, Аделиса Муриќ, Марко Трпков

Дисеминатор: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Документарен филм ЦКА-ПХВ 2014*

Целта на овој проект беше изработка на документарен филм во кој ќе се претставаат сите проекти кои младите ги изработила во ПХВ циклусот 2013/2014 во О. Чаир. Младинецот кој го изработи овој проект ја документирал подготовката и реализацијата на сите мали проекти во ООЦК Чаир во текот на овој циклус, направил интервју со младинците кои ги изработувале малите проекти,со дисеминаторите и координаторот на млади во нивната ООЦК и потоа ги преточил во документарен филм кој ги промовира резултатите и сработеното.

Оценет со фаза 5+

Изработил: Един Халими

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

# ООЦК Чаир

***Преку забава и рекреација до успешна реализација***

Целта на овој проект беше собирање на парични средства за помош на едно семејство од Скопје чија што куќа изгоре во пожар, заедно со поголемиот дел од инвентарот во неа.

За да ја остварат оваа цел, младинците најнапред организираат хуманитарна забава во училиштето на која настапува младиот пеач Даниел Данн. Покрај ова тие организираат и две хуманитарни претстави за учениците, и тоа “Дедо мраз и Феферона” за помалите ученици, и “Црна Мачка” за поголемите ученици. Со собраните средства од сите активности набавиле аголна гарнитура и лежај и ги донирале на опожареното семејство.

Оценет со фаза 5+

Изработиле: Ева Блажевска, Христина Ралис, Лина Трајковска, Сандра Бадаровска, Симона Петковска, Лина Ристовска и Марија Џајковска.

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

# ООЦК Чаир

***Music for social changes***

Целта на овој проект беше да му се помогне на едно четиричлено семејство од Гази Баба кое моментално се наоѓа во потешка материјална состојба, а едно од децата страда од епилепсија.

За да ја остварат оваа цел, младинците организираат голема хуманитарна забава со голем број на изведувачи. Средствата во износ од 67 688 денари собрани на оваа забава потоа ги уплатиле на жиро сметка на семејството, како тие би можеле со нив да ги задоволат своите основни потреби, како и потребите за лекувањето на нивното дете.

Оценет со фаза 5

Изработиле: Александра Лошковска и Ирена Барџовска

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Да научиме да пишуваме и читаме заедно*

За да им помогнат при учењето на група на деца од Домот за деца и млади со воспитно социјални проблеми “25-ти за англиски јазик, македонски јазик и математика, младинците организираат редовни посети од Јануари до Март месец. Преку интерактивни игри и вежби тие видливо ги подобрија нивните резултати во горе наведените предмети.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Арбреша Јахиу, Елмедина Шеху, Нуран Исмаили

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

# ООЦК Чаир

***Подари љубов - Подари живот***

Целта на овој проект беше зголемување на бројот на млади крводарители во ООЦК Чаир.

За да ја остварат оваа цел, младинците кои го изработија овој проект најнапред организираа 3 обуки за крводарителство кои беа одржани од страна на двајца едукатори и мотиватори од клубот на млади крводарители Клуб 25. Потоа младинците на 13.02.2014 организирале краводарителска акција во просториите на ООЦК Чаир на која биле собрани 23 крвни единици.

Оценет со фаза 5

Изработиле: Александра Лошковска, Ирена Барџовска, Арта Ќерими, Аулона Река

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

# ООЦК Чаир

***Ние децата***

Преку собирни акции младите успеаа да обезбедат 40 училишни пакети за децата со интелектуална попреченост од Училиштето “Иднина“. Пакетите беа донирани после заедничка дружба со истите, од која младинците увидоа и други потреби на нивните врсници. Дополнително обезбедени се наочари и терапија со витамини за деца од едно семејсво во ризик.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Дритон Буши, Алдин Дулови, Ердин Камбери

Дисеминатори: Кренар Хоџа, Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Отворање на катче во училиштето за нови волонтери*

Целта на овој проект како што кажува и насловот на истиот беше отворање на катче во училиштето за нови волонтери, како би можеле да се привлечат повеќе ученици да станат волонтери во Црвениот крст.

За да ја остварат оваа цел, младинците најнапред организирале креативна работилница за изработка на ракотворби кои потоа ги продавале во училиштето. Со собраните средства набавиле поликолор и четки и сами ја молерисувале и декорирале просторијата која директорот на училиштето им ја ослободил за отворање на клуб на Црвен крст. Кога се било подготвено, клубот бил свечено отворен.

Оценет со фаза: 5

Изработиле: Едис Аџија, Берна Дациќ, Кристина Христовска, Мартин, Драган и Александар

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Помош за 3 деца*

Целта на овој проект беше обезбедеување помош на три деца кои треба да одат на оперативен третман. Едното од децата има седум и пол години и боледува од тешка болест на цревата која

секојдневно му го загрозува животот. Поради тоа потребно е тој да замине на испитување и на третман во детската болница во Синсинати, САД. Останатите две деца се сестрички кои и двете се родени со генетски проблем со екстремитетите, па затоа и кај двете е потребно да се изврши оперативен третман на нивните леви нозе.

За да ја остварат оваа своја цел младинците кои го изработија овој проект спроведуваат собирна акција во нивната заедница, преку која собираат 25 304 денари. Овие средства потоа ги делат на три еднакви дела и ги уплаќаат за лекување на децата.

Оценет со фаза 4++

Изработиле: Фуркан Беќири, Тасим Лимани, Заим Цури

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Социјализација со децата без родителска грижа, Домот за деца без родители "25-ти Мај"*

Со цел да се социјализираат со децата од 7 до 13 години кои се сместени во Домот за деца и млади со воспитно социјални проблеми "25-ти Мај", волонтерите во период од 3 месеци еднаш неделно се дружеа и организираа за нив обуки за лична хигиена, им подариле хигиенски пакетчиња, ги однеле на еднодневна прошетка на Водно како и во Зоолошка градина.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Арбреша Јахиу, Елмедина Шеху, Нуран Исмаили

Дисеминатори: Мартина Павличкова, Кренар Хоџа

## ООЦК Чаир

***Студена зима, топли срца***

Целта на овој проект беше помош на градските птици полесно да ја презимат зимата.

За да ја остварат оваа поставена цел и да им помогнат на птиците подобро да ја презимат ладната зима, младинците кои го изработија овој проект изработиле 20 куќички за птици и хранилки за птици и ги поставиле во парковите во Чаир и Топанско Поле.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Ајла Идар, Хана Адеми, Хирије Фејзулова, Донарт Бајрами, Алајдин Муртези.

Дисеминатори: Мартина Павличкова, Кренар Хоџа

## ООЦК Чаир

***Пријателство без предрасуди***

Целта на овој проект беше организирање на креативни работилници, ширење на нови познанства и другарување со децата од Заводот за рехабилитација на деца и младинци - Скопје.

За да ја остварат оваа цел младинците организираат креативна работилница за децата и младинците од Заводот за рехабилитација на Македонија кои се на возраст од 2 до 26 години. Тие

најнапред организираат голема собирна акција за облека, играчки и училишен прибор во своето училиште. Собраните средства потоа ги пакуваат и ги донираат на децата од Заводот. Со собраните материјали за креативна работа и училишниот прибор потоа тие организираат креативна работилница и заедничко дружење со децата од Заводот.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Мелиха Садиковиќ, Маида Колашинац, Елма Кораќ, Харис Шкриељ, Васил Спасовски, Ерика Асанова, Христијан Поповски, Валентин Поповски, Дафне Еминовска, Лејла Џафче, Јована Аргилоска.

Дисеминатори: Мартина Павличкова, Кренар Хоџа

## ООЦК Чаир

***Колку сме повеќе- можеме повеќе - помагаме повеќе***

Целта на овој проект беше зголемување на капацитетите на Општинската Организација на Црвен крст Чаир и активностите на Основните Организации на Црвениот крст на територија на ЦК Чаир со вклучување на 5 наставници и 50 ученици од основните училишта во рамките на нивните ОО.

За да ја остварат оваа цел младинците кои го изработија овој проект најнапред формирале работно тело од 5 одговорни наставници од 5 основни училишта на територија на општина Чаир, и секции од по 10 ученици во секое училиште. На тој начин овозможиле ООЦК Чаир да може да соработува, да планира и да реализира активности од едукативен и социјално-хуманитарен карактер во овие училишта. Како прва заедничка активност на овие секции е организирање собирна акција за децата од домот 25-ти

Мај, на која се собираше половна облека и играчки кои потоа им беа донирани на децата во домот.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Радмила Кириќ и Хана Адеми

Дисеминатори: Мартина Павличкова, Кренар Хоџа

## ООЦК Чаир

***Пружи ја раката да се фатат со животот***

За да ја ублажат сиромаштијата на четиричленото семејство бегалци од Сирија беа организирани собирни акции во СУГС “Зеф Луш Марку“, преку кои се собрани финансиски средства, покуќнина и облека, кои потоа беа донирани на ова семејство.

Оценка:4++

Изработиле: Беса Туша, Бесар Пајазити

Дисеинатори: Кренар Хоџа, Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

***Заслониште за незасолнетите***

Семејството кое беше целна група на овој проект живееше во импровизирана куќа, отткако нивната куќа беше срушена од пожарот. Младинците кои го изработија овој проект се погрижија за оштетениот дел од куќата така што ја изградија собата која беше урната, а со 2970 денари собрани преку собирни акции, им донирале и душек за спиење, телевизор и покуќнина.

Оценет со фаза: 4++

Изработиле: Фуркан Бечири, Заим Цури, Тасим Лиман
Дисеминатори: Кренар Хоџа, Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Касни порасни*

Целта на овој проект беше помош на пет дечиња со посебни потреби кои учат во училиштето Макаренко во Скопје, а кои потекнуваат од семејства кои моментално се во тешка материјална состојба. За да ја оствари оваа цел, младинката која го изработи овој проект најнапред разговарала за потребите на децата со двајца наставници во училиштето. Потоа таа организирала собирна акција на парични средства во своето училиште и акција за собирање на донации во форма на прехранбени продукти по локалните маркети. Со средствата собрани од оваа активност биле подготвени пет пакети со прехранбени производи кои потоа им биле донирани на семејствата на децата.

Оценет со фаза 4+

Изработила: Аделиса Ќатовиќ

Дисеминатори: Кренар Хоџа и Мартина Павличкова

## ООЦК Чаир

### *Курс за шминкери*

Со цел да научат и обучат младинци како да шминкаат импровизирани повреди за време на натпревари по Прва помош, ученици од ОУ “Имри Елези“ и ОУ “Васил Главинов“ организираа работилници на  кои преку заедничка дружба ги надградувале своите капацитети.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Брикена Хоџа

Дисеминатор: Кренар Хоџа

## ООЦК Штип

***Оскар на хуманоста***

Целта на овој проект беше да се презентираат активностите кои се спроведени во тековната година и да се оддаде признание на сите соработници, волонтери и активисти од ООЦК Штип кои помогнале и учествувале во сите овие активности. За да ја остварат оваа цел младите волонтери кои го реализираа овој проект организирале пригодна свеченост на која биле поканети сите пријатели и поддржувачи на Црвениот крст во нивниот град и преку која целото нивно досегашно залагање било уважено.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Александра Џамбазова, Мартина Серафимова, Маринела Серафимова, Дино Ташков, Анстазија Јолева, Драгана Златанова, Анастасија Петрова, Елена Борчева, Стефанија Арсова.

Дисеминатор: Кирил Поповски

## ООЦК Штип

**Помош за здравје-здравје за живот**

Целта на овој проект беше да се обезбедат средства за операција на бубрег на еден нивен сограѓанин. За остварување на

оваа цел, младите волонтери организираат собирни акции по компании и училишта и изработка и продажба на самолепливи маркички. Со овој проект се обезбедени 5.316 денари кои се уплатени на банкарска сметка на корисникот и со кои се покриени дел од трошоците за операцијата, но исто така и се стимулирале нови донации благодарение на медиумската покриеност и информирање на населението.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Мартина Серафимова, Костовски Стојанче, Мила Андонова, Мартина Борчева, Наталија Тасевска, Александра Џамбазова, Маринела Серафимова, Тамара Ефтимова

Дисеминатор: Кирил Поповски

## ООЦК Шуто Оризари

***Земи го пенкалото во рака и најди го светот на дланка***

Целта на овој проект е описменување на три деца на возраст од 12-15 годишна возраст од машки пол од општина Шуто Оризари. Во овој проект младинците организираат 17 работилници и вкупно 47.5 часа работа на кои се работи на описменување на децата. Со овој проект едно од децата е описменето да чита и пишува, а останатите две делумно знаат да читаат и пишуваат. Исто така е изработен прирачник за описменување.

Оценет со фаза: 5+сонце

Изработиле: Есад Есад, Денис Мустафа, Шенас Имер, Пашија Фејзула

Дисеминатор: Кенан Таир

## ООЦК Шуто Оризари

***Јазикот е најголемо богатство***

Целта на овој проект беше да се зголемат знаењата по англиски јазик на неколку деца од петто до деветто одделение.

За таа цел, младинците изработуваат програма и реализираат 10 предавања за потребите на горе наведената целна група.

Оценет со фаза: 4+

Изработиле: Асиб Зекир, Нухи Тахир, Јлдза Тахир

Дисеминатор: Кенан Таир

## ООЦК Шуто Оризари

***Бутик на хуманоста***

Целта на овој проект беше да се обезбеди облека за социјално загрозени семејства кои живеат во околината на Клубот на млади на Црвен крст во Шуто Оризари.

За таа цел младите волонтери обезбедуваат облека од контејнерите за облека од Црвен крст на град Скопје, ја класифицираат согласно големината, полот и возраста на корисникот и ја делат на 10 социјално загрозени семејства.

Оценет со фаза: 4

Изработиле: Јлдза Тахир, Ален Умер, Асан Есат, Асиб Зекир

Дисеминатор: Кенан Таир


ЦКА-ПХВ
ККА-РVН
суперхерои
2014